**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продложение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитувани пратеници, дами и господа во саботата навечер за секогаш не напушти нашиот колега и пратеник господинот Орданчо Тасев.

Би ве замолил со едноминутно молчење да ја искажеме нашата почит кон нашиот колега и пратеник господинот Орданчо Тасев.

(пратеинците стануваат и му оддаваат почит)

Бог да го прости, нека му е вечна слава.

Слава му.

Сега би го замолил господин Марјан Ѓорчев со неколку пригодни збора да се обрати по повод овој тажен момент.

Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Почитувани дами и господа пратеници,

Ордан Тасев е роден на 26.11.1952 година во Кавадарци. Неговиот материјален живот згасна во 11,50 часот, на 12.06.2005 година. 52 години живот, како син, сопруг, татко, брат, пријател, наш колега. Извршени се сите обврски за време на едно човечко постоење, беспрекорно. Денес кога ни се грутчи во градите, кога човекот Ордан Тасев замина по патот по кој што сите ние еден ден ќе кинисаме. Некој порано, некој подоцна. 52 години се само бројка и временска напластеност на годините. Она што трајно останува и ќе остане во сите нас, тоа е енергијата на Дано, како што ние милувавме да го наречеме во Кавадарци. Енергија која што неможе да исчезне со реалниот престанок на живот. Постои човечка димензија и вон нашето материјално живеење. Тоа е димензијата на сеќавањата. А влогот што го вложуваше Дано во сите ние кои што чекоревме заедно со него е влог кој што ќе остане барем додека сме ние живи. Неговиот влог беше вложување во неговото семејство, неговата сопруга Сузана, децата Александар и Филип, роднините, пријателите, соседите, колегите од Вишешница, Хидроелектранаата "Тиквеш" Советот на општина Кавадарци, Фудбалскиот клуб "Тиквеш" и како спортист и како спортски директор и претседател на Клубот и неговото последно работно место и ангажман во Парламнетот на Република Македонија.

За Ордан Тасев, животот беше едно големо македонско дружење, независно кој од кој амбиент доаѓа, како се нарекува, тој живееше за Македонија. Македонија ја разбираше како еден голем човечки организам, со срце од Тиквешијата во која што дувањето на јужниот ветер врз зелените лозови ластари и спокојното одмарање на мислата во сончевата светлина заробено во чашата црвено тиквешко вино, дава енергија и осмисленост на македонското време и простор.

Сите ние ќе го паметиме Дано како скромен, мирен човек од чаршијата од Кавадарци и како скромен кавадарчанец во Македонија.

Неговата замисла за подобар живот на граѓаните на Македонија, ќе остане како трага за неговото работење и живеење и тука во просториите и амбиенотот на Македонскиот парламент. Делото на Ордан Тасев е пред се дело на вложување во луѓето. Независно дали тој беше директор во трговско претпријатие, во државна служба, советник во општина Кавадарци, член на Македонскиот парламент, тој се грижеше за луѓето. Ги запослуваше, ги спонзорираше, се грижеше за нивните фамилии, афирмираше млади личности од сите сфери на животот и од Тиквешијата и од Македонија и во политиката и во спортот, во стопанството, во културата. Тоа е дело со кое што ние можеме само да се гордееме и да го почитуваме.

Почивај во мир човеку Ордан Тасев.

Нека му е вечна слава.

**Слободан Најдовски:** Сега продолжуваме со работа по Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците: Зоран Крстевски, Славе Арсовски, Ванчо Ѓоргиев, Ќенан Хасипи, Љупчо Георгиевски, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски и Ангелка Пеева-Лауренчиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Не се притиснати доволно, има 58 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број.

Во салата се присутни 80 пратеници.

Значи можеме да работиме, имаме кворум.

За процедурално се јави господинот Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, јас сакам да ве известам во името на пратеничката група ВМРО-Народна партија дека својот политички став по однос на гласањето за дополнување на Законот за експропријација, пратеничката група на ВМРО-Народна партија својот став ќе го изрази на тој начин што ќе ја напушти салата додека трае гласањето и нема да учествува на тој начин на гласањето.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Госпоѓа Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, бидејќи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не се согласува со Предлог законот за експропријација, ние јасно го искажавме нашиот став, исто така нема да учествуваме на гласањето по овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева.

Бевме на 22-та точка кога ја прекинавме седницата таа гласеше: **Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за експропријација.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеника, 59 гласале за, двајца се воздржале, четири против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника, 62 гласале за, нема воздржани, четворица против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 во новиот член 45-в став 1 и на член 2 во новиот член 45-е, став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 56 гласале за, четири воздржани, и четири против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за експропријација.

**Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија АД за реализација на проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Еве пред нас одкако ги усвоивме овие гаранции и овие заеми за кои што гарант беше ЕСМ и Република Македонија, пред нас сега веќе имаме промена. Промените се должат во причините кои што тука ни се наведени, поради тоа што во меѓувреме, врз основа на членовите 4 и 5 од Законот за преобразба на ЕСМ, Владата на Република Македонија донесе Одлука за поделба на ЕСМ во државна сопственост на две нови акционерски друштва, значи тоа е ЕСМ, АД за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост или скратено АД ЕСМ и операторот на електроенергетскиот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, АД МЕПСО, поради барање на Европската инвестициона банка да се направат измени на финансискиот договор и договорот за гаранција кој го дефинира кредитокорисникот, неопходно е да се направат измени и дополнувања на Законот за гаранција, со што ЕСМ ќе се замени со АД МЕПСО, како понатамошен корисник на кредитот од Европската инвестициона банка и главен должник, во чие име е издадена гаранцијата. И одтука, како што ја наведуваме оваа причина, прифатливо и многу едноставно, како што кажа потпретседателот сите материјали што ги добивме, ние многу лесно сето ова да го прифатиме и да кажеме дека од денес натаму АД МЕПСО е гарант за овие 13 милиони евра од овој кредит кои што беа предвидени за заем за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија.

Сега во меѓувреме се случуваат и други промени, кои што тука воопшто не се напишани, а тие промени битно ќе влијаат во понатамошната работа и на АД МЕПСО и на АД ЕСМ, затоа што веќе има поделба во ЕСМ АД производство и АД дистрибуција. Значи тоа вие никаде не го нагласувате, но од друга страна многу јасно стои што значи оператор на

електро-преносниот систем на Македонија, тоа е АД МЕПСО во државна сопственост, кое што според книговодствената вредност има некаде околу 50 милиони евра, колку ќе биде пазарната можеби никогаш нема да дознаеме, затоа што ќе остане во државна сопственост и сега ние си земаме за право и толку лесно, како гарант на овој кредит, кој што кредит понатаму, мислам уште во старт кога беше носен законот за доделување на заем за кредитот за изградба и поправка на дистрибутивните трафостаници во Република Македонија , уште тогаш имаше проблем, затоа што пред да се добие овој заем , веќе трафостаницата Скопје-5 беше готова и бевте повикани на отворање на таа трафостаница. Тоа беше едно.

Другото беа поправки во останати дистрибутивни трафостаници, или модернизација на истите кои што се надевам дека многу брзо, дали веќе Министерството за економија ќе ги постави да добијат нов корисник, значи дистрибутивниот систем, или АД дистрибуција на електричната енергија, која што ќе излезе од ова АД производство, ќе биде сопственик на она што овдека како гарант стои МЕПСО, или како гарант ќе стои Владата на Република Македонија.

И можеби, сето ова изгледа многу прифатливо и дека тука апсолутно, ништо не се менува. Но јас ги уверувам граѓаните дека тука се менуваат многу работи, затоа што МЕПСО како фирма која што кажав дека е проценета книговодствено на 50 милиони евра, со овие два кредити што денеска ќе му ги товариме на грб, значи ќе дојде во ситуација да врати 53 милиони евра.

Сега, ако мислите дека вие ќе ја изгубите власта во 2006, бидејќи ова има грејс период едниот кредит од четири а другиот од пет години, и дека почетокот на плаќањето е 2007-2008 година, мислам дека не е коректно и дека ако е гарант Владата на Република Македонија во овој случај треба да им се каже на граѓаните дека еден ден тие ќе треба да си го платат овој кредит, затоа што она што понатаму ќе претставува АД МЕПСО, со вкупните годишни капацитети финансиски кои што ќе ги поседува и кои што ќе може да ги реализира, апсолутно мислам дека нема да биде во состојба да го реализира се она за кое што било Законот за енергетика што говоревме, значи ние од една страна се што беше ЕСМ, сега сакаме да го префрлиме како обврска на АД МЕПСО, дека тоа ќе биде што ќе гарантира понатаму развој, производство, контрола, влез на електрична енергија. Значи само за увоз на електрична енергија во овој момент во оваа година 2004 година, АД МЕПСО и Владата на Република Македонија ќе треба да обезбеди 80 милиони евра. Тие 80 милиони евра, бидејќи имаме ситуација каде што сеуште одредени претпријатија кои што работат во државата имаат повластена цена за електричната енергија, значи во старт ние ќе имаме загуба, која што загуба ако ја пренесеме на АД МЕПСО, како заменик на она што значи ЕСМ, ќе дојдеме во една ситуација уште непочнато да работи, ние кредибилитетот на оваа фирма ќе го донесеме во прашање и едноставно, ќе го рушиме системот затоа што, да не даде господ понатаму со работењето на АД МЕПСО, преносниот систем да доживее некаде хаварија, или она што е основно одржување и развој, тогаш ќе имаме многу поголеми проблеми, верувајте ми сите заедно, затоа што начинот на кој што сакаме лесно да се ослободиме од нешто, мислејќи дека после тоа ќе дојде после 4 или 5 години грејс период и кој што ќе треба некој да ги отплаќа овие средства, кредити кои што не се така ни поволни и кои што можеа да се најдат и подобри, но во секој случај, одлуката е донесена, работите беа направени пред да се добијат кредитите и сега, дали тоа е завршена работа, дали понатаму ќе одиме на тоа во образложението што кажувате дека со измените и дополнувањата на Законот нема да се ангажираат дополнителни средства, односно Република Македонија ќе гарантира износ од 13 милиони евра, за кои гарантира и во овој момент.

Сега пред две, три години кога се донесуваше сето ова беше надежта дека сепак АД Електростопанство на Македонија е некој поголем производен систем кој што во текот на годината може да заврти околу 250 милиони евра и овие средства би биле помал товар и она што значи вложување во нештото тоа ќе може да го издржи. Но, со оваа поделба - во првиот момент мислам дека имаме и нова поделба, како што кажав, веќе се работи на другата поделба, јас не знам во моментов дали воопшто финансиски таа конструкција меѓу АД "Мепсо" и АД Електростопанство на Македонија - производство во овој момент функционира, односно дали финансиски се разделени и како тие функционираат меѓу себе. Сигурно не по она што како Влада го кажувате со законот од 1997 година и стариот Закон за енергетика, бидејќи ниту АД "Мепсо" ниту АД Електростопанство на Македонија ги имаат лиценците за да можат да работат врз основа на кои ќе можевме да поделиме и да знаеме финансиски на што се базира целата оваа поделба. И покрај тоа што го кажав и тогаш кога го потпишувавме Договорот, каде што стои земјата гарант, па Владата на гарантот и сега ќе дојдеме до АД "Мепсо" од Владата на гарантот, при што ние треба да бидеме убедени дека АД "Мепсо" со својот капацитет кој што го има ќе биде во можност да ги враќа сите овие средства.

Господа, или самите се задолжуваме или пак можеби немаме во овој момент друг начин да најдеме излез од оваа ситуација, но вака бегло само да ги префрлите кредитите од Електростопанство на Македонија на АД "Мепсо" апсолутно не одговара на вистинската

состојба, фактичката состојба и според мене, бидејќи ова се дистрибутивните трафостаници можеби е многу подобро да остане овој кредит за оној кој треба да ги добие, за дистрибуцијата, бидејќи видовме АД Диструбиција ќе биде едно единствено кое ќе добие една лиценца за дистрибуирање на електричната енергија. Значи овој кредит можеби би било подобро да се префрли на газдата, со тоа што ќе се одредат одредени средства, да не биде на товар на граѓаните на Република Македонија, затоа што сепак приватизацијата си е приватизација и начинот на кој што понатаму ќе работат господата кои ќе ја добијат дистрибуцијата ќе покаже како ќе се одвиваат тие работи. Значи, според мене, ова апсолутно треба да се повлече, дека АД "Мепсо" не е во можност да го реализира ова што вие го предвидовте и дека со капацитетите, финансиски и она што понатаму следи, добивката од работењето на АД "Мепсо", за тој што станува само за пренос на електрична енергија, немаме ниту производен капацитет ниту можеме да кажеме од кои средства ние ќе ги враќаме овие пари, а да не говорам за средствата кои треба да се одделат за вработените, за развој на преносниот систем и да не говорам за сите оние ситуации во кои вие самите во Законот за енергетика ги предвидовте за АД "Мепсо". Значи, тоа би била една катастрофална состојба, која апсолутно не не води никаде.

Затоа, господине министре, мислам дека овој закон треба да се повлече и гарант во првиот момент е Владата на Република Македонија, не да се префрла вака на АД "Мепсо", очекувајќи дека после 4-5 години ќе дојде првата транша, значи некаде 2008 година некој да почне да плаќа. Можеби ќе бидете пак вие и ќе треба од Буџетот на Република Македонија да ги издвоите овие пари и да се исплаќаат. Мислам дека средствата се вложени, кој како ќе ги добие тоа е прашање, затоа што поголемиот деол уште не добиени средствата работите беа завршени. Тоа го знаевме уште тогаш, но останува на вас.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Мавровски.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски:

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Би сакал да ги известам пратениците и сите оние кои ја следат седницата дека најголем дел од претпоставките и пресметките на господинот Спиро Мавровски не се точни.

Македонија има две опции. Едната е во сферата на енергетскиот систем да не менува ништо и за тоа долго се расправаше во овој Парламент. Господинот Спиро Мавровски најчесто стоеше на таа позиција да не се менува ништо. Таа позиција води побрзо во пропаст отокку било што за енергетскиот систем на Република Македонија.

Владата се реши на втората опција, да презема мерки за менување на состојбата и тоа комплексни мерки и тие се презентирани во Парламентот, донесени се закони и други мерки донесе Владата. Овие закони се само природна правна последица на стратегијата што овој парламент ја одобри. Враќање од тоа не може да има, особено што и во регионот и во Европа во сферата на енергетиката се случуваат процеси од кои Македонија не може да биде заобиколена, ниту пак треба да остане на страна. Затоа што ако останеме на страна ќе останеме нереформирани во таа сфера и дури тогаш Република Македонија ќе ја соочиме со енергетски проблеми на долг рок.

По однос на конкретните забелешки што беа тука изнесени, тие не се точни. Не знам зошто господинот Спиро Мавровски ја критикува идеата дека периодот на отплата на кредитот треба да биде со грејс-период. На пример, слушајќи го него, како да сфатив дека е подобро веднаш да го отплатуваме кредитот, а да немаме 4-5 години грејс-период. Мислам дека тоа исто така е погрешна политика на инвестирање во енергетскиот систем без грес-периодо, само со цел - демек сега патетично како што кажа господинот Мавровски - оваа Влада да не ги отплаќа долговите. Долговите од кредитот ги отплатува тој што ги зема, а тоа е јавното претпријатие и подобро е да има грејс-период за да дадат инвестициите принос, отколку веднаш. Меѓутоа, сега ќе влеземе во теоретска расправа за инвестирањето, што нема потреба во овој момент.

И трето, господинот Спиро Мавровски прави нешто што е неспоредливо. Го споредува имотот на фирмата со кредитот. Кредитот се враќа од преносот од работата на фирмата, а не од имотот на фирмата, така што без разлика колку е сметководствената или пазарната вредност на фирмата, од приносот на оваа компанија ќе се плаќа кредитот и Владата е уверена дека заемопримачот ќе го враќа кредитот. Впрочем, затоа и овие средства се повлечени многу порано од денешниот момент и сега само треба, со оглед дека компанијата правно се подели на два дела, да се префрлат, согласно таа стратегија, средствата и активата и пасивата на оние фирми на кои природно тоа им припаѓа, ако е во сферата на трансмисијата на преносот на електричната енергија треба да заврши во АД "Мепсо", ако е во сферата на продажбата или дисрибуцијата да заврши во новото Електростопанство на Македонија. А тоа што новото Електростопанство на Македонија ќе се подели на уште две, тоа воопшто нема никаква врска со ова, затоа што ова завршува во АД "Мепсо" и тука работите се многу поедноставни отоклу што се сака да се прикаже.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Господине министре, ме разочаравте, јас мислев дека сте министер за финансии, знам дека не ги познавата работите во Електростопанство на Македонија и тука не е проблем. Но, проблемот е во ова што сакате да изнесете невистини во јавноста, а едноставно не одговоривте на ниедно од прашањата. Не книговодствено, ако книговодствено едно претпријатие чини 50 милиони, сега ќе ве прашам да одговорите колкав ќе биде приносот на тоа претпријатие во една година, кога вие веќе денес му натоварувате 53 милиони евра кои треба да ги враќа и имате уште 68 милиони невратени долговир од "Козјак". Што ќе се случи со тоа претпријатие и колку ќе може да ги врати. Во однос на грејс периодот кажувате нешто што јас не го кажав. Кажувате за грејс период, јас ви кажав зошто ви е грејс - периодот и воопшто, ако мислите дека така може да се решаваат работите, сте во голема заблуда. Вие треба да им кажете на граѓаните дека има голема врска поделбата меѓу производството и дистрибуцијата, затоа што делбата како што беше направена пред тоа немаше врска што ќе се подели АД Електростопанство на Македонија за производство, ова што го имавме како заедничко и АД "Мепсо", во кое што кажавте дека државното ќе биде од прилика колку она што го делиме за производство, испадна дека соодносот е 1:10. Значи ако вредноста на она што остана од производството и дистрибуција е 600 милиони, 60 милиони на АД "Мепсо", вие како финансиер треба да ги знаете тие работи подобро од мене. Треба да знаете колку може да наплати АД "Мепсо", бидејќи производни капацитети нема да има. Ние нема врз основа на што понатаму да бараме колку произвела РЕК "Битола", "Осломеј" или хидроелектраните колку работеле па од тие средства ние да враќаме кредити. Имаме онолку колку што имаме, во моментот можеби 7 гигаватсати кои ќе се вртат низ Македонија, на нив имаме наплата, ако ја знаете колку е, ако не ќе пресметате и ќе видите дека со тие средства што ќе ги добива годишно АД "Мепсо", едноставно ќе може само да преживува. А се она што го пишува во законите, почнувајќи од Законот за енергетика и овие закони што сега ги кажувате така елегантно, АД "Мепсо"се ќе прифати и се ќе плати, мислам дека доаѓаме во една многу тешка ситуација. Затоа се мисли сега за три или пет години однапред. Ако сега помине нештото, тогаш е многу лесно некој друг да биде виновен, затоа што нема да има средства во буџетот и не ќе може да ги исплати работите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Мавровски.

Една минута контрареплика за министерот за финансии господинот Никола Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Дури сега ништо не разбирам. Прво, господинот Мавровски го меша кредитот "Козјак" со овој кредит, дека и тој треба да се враќа, тој се враќа од друго претпријатие, од АД Електростопанство на Македонија. Тоа е производен капацитет и нема никаква врска со АД "Мепсо".

И второ, имам впечаток дека господинот Мавровски инсистира кредитот на АД "Мепсо" да остане во АД Електростопанство на Македонија кое не се бави со таа дејност. Не можам да разберам што му е математиката, во која бара кредит што е упатен во АД "Мепсо" и што ќе го вгради АД "Мепсо" како свои основни средства да го отплатува АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост, која после ќе се приватизира. Нема никаква логика во тоа и едноставно не разбирам, мислам дека е поентата само да се замати водата во која нешто ќе се каже што не треба да се направи а се нема јасна концепција што треба да се направи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Има збор пратеникот Весна Борозан.

Повелете госпоѓо Борозан.

**Весна Борозан:** Благодарам.

Не сакам да навлегувам во финансискиот дел од проблемот кој што се разгледува. Сакам да кажам дека и јас исто така не ја разбрав дискусијата на колегата Мавровски. Тој праша дали претпријатијата АД Електростопанство на Македонија или АД "Мепсо" финансиски се поделени. Јас не знам дали воопшто е можно две посебни претпријатија да имаат заеднички финансии. Мислам дека не е можно. Меѓутоа, она што сигурно знам е дека точката на поделба меѓу АД "Мепсо" и Дистрибуцијата во рамките на Електростопанство на Македонија е на ниво на трафостаниците за висок напон, што значи објектите за кои е наменет овој кредит сигурно се во сопственост и ќе претставуваат основно средство на претпријатието АД "Мепсо". Според тоа, сакам да го прашам колегата Мавровски за што тој всушност се залага. Ако тоа се средства на АД "Мепсо" кој треба ако не АД "Мепсо" да ги отплаќа средствата од кредитот.

И само да појаснам во врска со тоа колкав ќе биде приносот на АД "Мепсо". Она што можам да го разберам од дискусијата е дека пратеникот Мавровски е загрижен за

финансиската состојба на АД "Мепсо". Само да потсетам уште еднаш бидејќи веќе сме зборувале многу пати, приносот на АД "Мепсо" ќе се одредува според Методологијата за енергетски дејности, донесена од Регулаторната комисија за енергетика. Според оваа методологија на АД "Мепсо" ќе му бидат признати во тековното работење сите трошоци и сите обврски, вклучувајќи ја и отплатата на овој кредит и згора на тоа ќе биде признат извесен процент на контролиран профит. Според тоа, нема потреба од загриженост дека претпријатието АД "Мепсо" ќе пропадне.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Борозазн.

Три муниту реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Колешке, вие исто го искажувате она што го прашав, сомнежот дека двете претпријатија немаат заедничка сметка во моментот. Знаете и самите како функционира АД "Мепсо" и АД Електростопанство на Македонија. Ако беше како што говорите вие, 2003 година, заемот ќе го склучеше АД "Мепсо", но тогаш АД "Мепсо" не постоеше. Сега ние ги префрламе средствата за дистрибутивните трафостаници, кои утре сакаме новото претпријатие АД за Дистрибуција на електрична енергија да ги има во сопственост. Значи не се сопственост на АД "Мепсо" туку се сопственост на АД Дистрибуција.

Понатаму, приносот од Регулаторната комисија како што вие кажувате дека Регулаторната комисија ќе го има предвид трошокот, ќе ги има предвид и кредитите што сите ние ќе му ги дадеме, за да биде толкава цената на електричната енергија, кој ќе го прифати сето тоа за да биде така. Регулаторната комисија и пазарот на Југоисточна Европа треба да бидат она што ќе се дефинира.

Понатаму, кажувате и самите во она што е закон за енергетика дека АД "Мепсо" ќе биде непрофитабилна организација, а вие давате толку обврски кон АД "Мепсо" што се што значеше Електростопанство на Македонија сега ги презема, со се сите кредити кои понатаму ќе треба да ги исплати. Ја спомнувате методологијата, но јас уште еднаш ќе ве прашам според сегашните услови колкава ќе биде заработката на АД "Мепсо". Како професор вие ќе можете да дефинирате, а јас ќе ви кажам колкав ќе биде вкупниот профит и средствата кои ќе ги добие АД "Мепсо" во текот на работењето за една година.

(Пратеникот Весна Борозан реагира со зборовите "Јас имав реплика, а не збор")

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Борозан, вие имавте збор, не се јавивте за реплика, вие се јавивте за збор.

Сега господинот Мавровски имаше три минути реплика. Доколку вие сакате имате една минута контрареплика.

Повелете госпоѓо Борозан.

**Весна Борозан:** Само едно ќе кажам јасно и гласно. Трафостаниците за кои се наменети овие средства се сопственост на АД "Мепсо". Мислам дека е доволно. Тие служат за пренос на електрична енергија, сопственост на АД "Мепсо" и нормално е АД "Мепсо" да ги исплаќа овие кредити.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Борозан.

Има збор пратеникот Тома Глигориевски.

Повелете господине Глигоривски.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине потпретседателе,

Сакам да кажам дека Предлогот за донесување на овој закон за измена на Законот нема ништо спорно затоа што старото Електростопанство на Македонија со Европската инвестициона банка се задолжи тогаш со гаранција од Собранието за објекти кои се наменети за пренос. Значи тоа беше трафостаницата Скопје 5, која веќе е пуштена во употреба, 110 киловолтните трафостаници што треба да се градат Петровец и Драчево и 110 киловолтниот далновод Тетово -Теарце мислам дека беше. Логично е објекти кои ќе се прават и ќе припаднат на АД "Мепсо" да бидат обврска и на претпријатието чија сопственост се и тука нема ништо спорно. Дилемата дали АД "Мепсо" финансиски после не знам колку години ќе биде способно да ги отплатува кредитите можеби како дилема останува, меѓутоа, според она што сега го знаеме е дека со цената, со Правилникот за начинот на утврдување на цената на посебните ентитети во електростопанскиот сектор, преносот на електрична енергија во вкупната цена на чинење на електричната енергија има пресметана стапка од Регулаторната комисија, која ќе ги земе сите параметри, кредити и долгови и ќе ги вклучи за да даде доволно голема цена на преносот на електрична енергија, за да си ги исполнува АД "Мепсо" своите обврски, така што и од тој аспект мислам дека нема проблеми.

Да не се јавувам за збор и за следната точка која се однесува на 400 киловолтен далновод од Штип, тоа е исто.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија.

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Истовремено ги повикувам пратениците да влезат во салата. Пред малку имавме повеќе од 80 пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата имаме 55, сега излезе 1, 54 пратеници, немаме доволне број на пратеници за гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, пратениците да си седнат на своите места и да гласаат.

Во салата се присутни 65 пратеника, од нив гласале 54 од кои 53 за, нема воздржан, еден против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го сувојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника од кои 58 за, 3 воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника од кои 56 за, 4 воздржани, двајца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија.

Минуваме на точката 24 - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија), со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувнаи колеги.

Еве веднаш по првиот закон и задолжувањето на МЕПСО со 13 милиони евра имаме Предлог на закон со кој што МЕПСО го префаќа она што беше задолжување на Електростопанство на Македонија во износ од 40.470.600 евра. Со ова исто како и претходниот пат се надевам вие како позиција ќе го изгласате и нема да имате никакви проблеми во однос на сето тоа. Но, дилемата останува и кај вас како што кажа и господинот Глигоријевски дали понатаму МЕПСО ќе биде тој што ќе може да ги врати овие средства, ќе се покаже дека апсолутно не е така и дека не ќе може да ги враќа, ќе го доведеме во ситуација апсолутно да не може да функционира или Владата да биде таа што ќе ги врати овие средства затоа што овој Предлог на закон и она што го менуваме со Предлогот на законот така бегло во членот 4 од Предлогот на законот каде што стои дека во членовите 2, 4, 5 и 6 зборовите "Електростопанство на Македонија А.Д." се заменуваат со зборовите "Оператор на електропреносниот систем на Македонија А.Д. за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост А.Д. МЕПСО". Со тоа овој закон ќе треба да го замени она што ни беше Закон претходно кој го донесовме тука во овој Парламент и дека овој закон ќе влезе во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Сега, за разлика од претходниот закон тука има уште поголеми проблеми за кои ќе треба да проговориме. Исто кажувате дека нема да се ангажираат финансиски средства и тоа дополнителни т.е. Република Македонија ќе гарантира износ од 40.470.600 евра.

Она што ние го менуваме рокот на отплата на овој кредит од 40 милиони е 15 години со вклучен грејс период од 4 години и варијабилна каматна стапка шестмесечен еуро борд плус еден процент. Заемот ќе се отплаќа на еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 30 мај и 30 ноември секоја година почнувајќи од 30 мај 2007 година, а завршувајќи на 30 ноември 2018 година.

А.Д. Електростопанство на Република Македонија ќе плати еднократна провизија од 1% за управување со заемот и 10 илјади евра трошоци за правни услуги додека на неповлечениот дел од средствата ќе се плаќа провизија од 0,5% годишно. Тоа што беше прифатено е законот кој важеше за А.Д. Електростопанство на Република Македонија , но во членот 5 и членот 6 од овој закон кој претходно го прочитав од овој Предлог на закон што е сега пред нас само се заменува името А.Д. Електростопанство на Република Македонија со А.Д. МЕПСО, но во членот 5 и во членот 6 стои нешто друго која обврска ќе треба да се плати и тоа некоја веднаш, а за некоја ќе треба да се ангажира фирма која помина многу време откако го донесовме овој Договор сеуше тендерот не е завршен, очекуваме работата и како што кажавте тогаш за 18 месеци да биде завршена затоа што овие 40 милиони евра се 25 милиони на територијата на Република Македонија и 15 милиони евра на територијата на Република Бугарија каде требаше да ги изградиме ние и во противвредност за тие 15 милиони евра да добиеме од Националната електрическа компанија на Бугарија за возврат електрична енергија. Сеуште не го завршивме тендерот за изградбата незнам кога ќе биде, а кога ќе ги добиеме средствата или електричната енергија ќе зборуваат некои други колеги тука во идниот парламент, се надевам, ако не го прескокнеме и него.

Значи, не е спорно дека тие 15 милиони ќе треба да ги градиме во Република Бугарија, а овие 25 милиони, според Договорот што вие го потпишавте за далноводот Македонија-Бугарија во амандманот на Договорот за гаранција многу јасно, а и тогаш стоеше во Договорот членката претставувана од Владата на членката и Европската банка за обнова и развој.

Имаме ситуација за градба во Република Бугарија и ситуација за градба во членката претставувана од Владата на членката што е во Договорот така нагласено и така стои, сега незнам која е членката и која е Владата на членката која треба да го реализира овој Договор.

Јас сега ќе ве потсетам на двата члена и тоа членовите 5 и 6 од Договорот кој е потпишан меѓу А.Д. Електростопанство на Република Македонија и Европската банка за обнова и развој. А.Д. Електростопанство на Република Македонија ќе го реализира проектор во целост на територијата на Република Македонија и на територијата на Република Бугарија. Регулирањето на меѓусебните права и обврски во врска со реализација и наплата на дел од Проектот кој ќе се изведува на територија на Република Бугарија А.Д. Електростопанство на Република Македонија и Националната електрическа компанија на Бугарија ќе го уредат со склучување на Договор за координација на градба, договор за испорака на електрична енергија и Координативен акционен протокол.

Членот 6 А.Д. Електростопанство на Република Македонија од сопствени приходи ќе обезбеди финансиски средства во износ од 5 милиони евра како учество на А.Д. Електростопанство на Република Македонија за реализација на дел од Проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип Република Македонија до Црвена Могила Република Бугарија на македонска територија.

Пред малку говоревме колкави се финансиските капацитети, колкави се средствата кои ги поседува А.Д. МЕПСО значи колкави ќе бидат овие средства на почеток за да можеме да ја завршиме оваа работа затоа што тука слушнав објаснување од колегите дека имаме пролонгирање на она што значеше тендерска документација и тендерот поради тоа што не било дефинирано А.Д. МЕПСО од А.Д. Електростопанство на Република Македонија, сега е дефинирано, но што понатаму и како ќе направиме, незнам.

Во однос на оние 5 милиони евра дали повторно, бидејќи велите дека се заменува А.Д. Електростопанство на Република Македонија со А.Д. МЕПСО, значи А.Д. МЕПСО во старт ќе треба да ги даде тие 5 милиони евра како помош, дали ќе ги има или не, дали ќе ги даде Владата, дали ќе бидат повторно заем од МЕПСО кон Владата, мислам дека ништо апсолутно не дефинирате, туку едноставно само го заменувате името во членовите 2, 4, 5 и 6 и со тоа ја завршивте работата. Мислам дека ова е уште полошо затоа што и во она што имаше одговори на Европската унија кон Прашалникот токму за она што значи енергетски сектор, значи се работи за некои суми кои, што вели народот, боли глава, некаде од 400-500 милиони инвестиција која во овој момент Република Македонија не да не може да ги обезбеди, туку многу тешко ќе можеме да тргнеме, а од 2002 година се говори за гасната електрана, се говори за рудникот Брод-Неотино, се говори за многу инвестиции, за многу средства, но од сето тоа еве после три години апсолутно ништо не е направено, а времето поминува, сите добро знаете дека уште седум години останаа за работењето на РЕК-Битола, што после тоа, никој не дава одговор, секој мисли дека ако нешто е напишано на хартија дека тоа ќе биде така и дека тој Прашалник некој ќе го прифати, а средства ќе добиеме од некого кој треба да дојде да приватизира, да добие и треба да оствари профит, а во меѓувреме да ни даде уште 500 милиони во четири години или колку е таму периодот во кој треба да се предвидат овие инвестиции и да има и тој ќар, да имаме и ние ќар и на крајот сите задоволни, одговорот на Прашалникот е во ред, средствата, инвестициите се тука, останува уште некој да

изгради. Сега, кој ќе го изгради, тоа е големото прашање.

Уште еднаш ќе ве замолам во однос на овие два члена, доколку сте во можност да одговорите, доколку имате направено Стратегија, доколку се завршени тие тендери кој, како и што ќе

работи затоа што и А.Д. МЕПСО, ако заборавивте, е фирмата која ја купува електричната енергија и која целосно ќе ја продава во Република Македонија. Значи, тие 80 милиони евра од увоз на електрична енергија ќе мора А.Д. МЕПСО да ги обезбеди за да можеме да ја земеме таа електрична енергија, од друга страна гарант треба да биде повторно А.Д. МЕПСО, бидејќи вие кажавте дека Владата апсолутно тука не учествува, дека тоа е фирма надвор од Владата која ќе треба да функционира. Понатаму кредибилитетот на оваа фирма треба да биде толку голем да ги обезбеди овие средства затоа што и во вашата економска програма се предвидува раст на економското производство, работа на нови индустриски проекти значи тоа е увоз на нова електрична енергија, ако оваа година имаме 2,3 милијарди, до година можеби ќе бидат 3 милијарди, да даде Господ и 5 милијарди, да имаме работа, но некој треба сето тоа да го плати.

Е, сега пред да платите или пред да земете, што велат, никој не дава ништо така, прво треба да платите, па после да земете, таа берза така функционира. Ако ние на таа берза функционираме како членката претставувана од Владата на членката, а понатаму зад таа Влада на членката стои некое А.Д. МЕПСО кое во оваа ситуација сигурно дека и тие ги имаат оние вредности кои вие ги издадовте во "Службен весник на Република Македонија " колку таа чини книговодствено, незнам дали некој ќе се осмели на фирма која е проценета на толку пари, некој да дозволи кредит од овие 53 милиони, па понатаму да купи струја за некаде 100 милиони, утре очекуваме дека ќе почне отворањето на рудникот Брод-Неотино за кој се бараат 130 милиони евра, така што бројката вртоглаво расте, а некој треба да ги плати овие средства, мислам дека ова не е начинот само да се задолжи некој и вие да го направите проформа дека задолжувањето се префрла од А.Д. Електростопанство на Република Македонија на А.Д. МЕПСО и со тоа ја завршивме работата очекувајќи дека А.Д. МЕПСО незнам колку пари ќе врти годината. Тие пари што ќе ги врти се од прилика 7 милиони евра госпоѓо Борозан, по ова што сега кажувате Регулаторната комисија по методи, принципи и ова што сега функционира на пазарот е толку, значи може да биде плус, минус 10% или ако не очекувате 200% покачување на електричната енергија, тогаш би било 10% или 3% од тие повторно некој минимални средства кои би стигнале до 10 милиони евра. Тоа се средствата кои треба да обезбедат плата, треба да обезбедат развој, треба да обезбедат одржување и треба да ги обезбедат сите оние фактори кои кажавте пред малку дека А.Д. МЕПСО ќе треба да ги има под своја контрола. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 кв далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија).

Пред да ве повикам да гласаме ги повикувам пратениците да влезат во салата за да имаме доволен број на пратеници.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, гласале 58 пратеници, од кои 54 пратеници гласале за, 3 воздржано, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 56 пратеници, 53 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, 52 пратеници гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 кв

далекувод од Штип Република Македонија до Црвена Могила Република Бугарија.

**Минуваме на точка 25 - Предлог за донесување на закон за учебниците за основното и средното образование.**

Предлагач пратеникот Славица Грковска.

Предлогот за донесување на законот и дописот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитувани колеги, ова што е пред мене се само еден дел од аргументите зошто сметам дека треба да се донесе ваков закон за учебниците во основното и средното образование. Се разбира дека нема да ги цитирам сите, и да ги потенцирам сите денеска, меѓутоа ќе ви презентирам само еден дел како аргументи во прилог на донесување на ваков закон.

Како што знаете она што сите денеска го коментираат кога станува збор за учебникарството го идентификуваат со хаос во учебникарството. И тоа започна во 1997 година кога беа направени измените во Законот за основно и средно образование и кога се овозможи наместо еден учебник, да се употребуваат два, или повеќе учебници. Се разбира дека таквата измена беше направена добронамерно, меѓутоа плурализмот во учебникарството наместо здрава конкуренција, донесе инвазија на учебници, наместо борба за квалитетни учебници, донесе сурова и безкомпромисна борба за профит. Некои автори издвачи континуирано ја алармираа јавноста за различни неправилности, злоупотреби, задкулисни и отворени лобирања при што не се водеше сметка дека таквото однесување ќе предизвика пробивање на роковите, доцнење на издавање на учебниците, ќе има влијание на квалитетот на учебникот, а најголеми жртви за тоа, се разбира се учениците, родителите и општеството во целина.

На предлог на Владата минатата година ова Собрание усвои измени на законите за основно и средно образование каде што ја ограничува употребата на учебниците до три учебника. Меѓутоа, тоа не помогна многу во средувањето на состојбите со оглед на тоа што не е направена ревизија на сите досега употребените учебници. Во прилог на тоа дека е потребна ревизија, зборува и фактот што и покрај тоа што имаме законска обврска, учебниците се изготвуваат согласно одредена концепција, а концепцијата за учебник беше донесена дури минатата година, методологијата сеуште е во изработка. Така што сега ни се случува во училиштата сеуште да имаме во употреба учебници кои што дел од нив немаат ни дозвола за употреба, во дел од нив има многу неточни информации. Пред мене ја имам физиката одобрена 1996 година во употреба која е само преведена од англиски јазик во која што нашите ученици учат за приклучок со три штека кое што практично ние во Македонија го немаме. И ова е само еден пример со оглед на тоа што беше невозможно да ги донесам сите оние учебници кои што имаат и неточни податоци. Меѓутоа, за тоа сме имале можност да се информираме и од медиумите и од изјави на автори и на издавачи, на наставници, практички и на сите чинители во образовниот процес.

Хаосот исто така го предизвика и одредбата, одлуката на претходниот министер да не се дава одобрение на помошната литература.

Ќе ви прочитам само еден дел од тоа што во суштина се употребува покрај основниот учебник. Покрај основниот учебник, на пример по македонски јазик се употребуваат работни листови, дидактички материјали со слики, зборови, текст, јазични или аудио касети со соодветни текстови, детски игри, детски книги, лектири, прирачници, и детски списанија. По математика тоа се работни листови, логички плочки, математички семафор, аритметичка кутија, сметалка, прирачник. По природо и општество, работни листови, видео ленти, слики, слајдови за сообраќај, сликовници за појавите во природата, за животни, работни листови за работа со материјали и прирачник за наставникот. За музичко образование аудио касети, музички сликовници итн. Ова е за прво одделение. Мислам дека нема потреба да ги читам и понатаму. Сакам да кажам дека досега по таа одлука на бившиот министер практички имавме неконтролирано и без одобрување издавање на помошна литература која што дополнително придонесе за воведување на хаос во образованието. Токму затоа првата работа која што ја регулира практички овој закон е проширување на поимот учебник, при што се предлага под учебник во смисла на овој закон да се подразбира основниот учебник, меѓутоа и сите прирачници и збирки задачи, работни тетратки, контролни задачи, тестови, атласи, практикуми, речници и друга придружна литература која е неопходна за реализирање на програмата, а која доколку се усвои ваквиот предлог ќе подлежи исто така на контрола и на одобрување од страна на релевантните фактори во Министерството.

Се предлага основање на совет за учебници во рамките на педагошката служба. Советот се предлага да има 13 членови кои ќе ги именува министерот по предлог на педагошката служба, при што ќе се води сметка членовите на советот да бидат стручњаци за различни настани и области, наставници, како и за соодветна застапеност на припадниците на заедниците. Членовите на советот се предлага да имаат мандат од 4 години и можат да бидат повторно именувани, меѓутоа не можат да

бидат автори, издавачи, рецензенти, или стручни соработници на учебникот, а доколку тоа се констатира, ракописот ќе биде дисквалификуван, а членот на советот ќе биде разрешен. Зошто се предлага формирање на едно вакво тело? Досега имавме ситуација во која што Бирото за развој на образованието даваше стручно мислење за ракописот за учебник дали е тој во согласност со наставните планови и програма, дали е во согласност со концепцијата за изработка на учебник, исто така до измените до 2003 година кои што исто така ова Собрание ги усвои, советниците во Бирото, дел од нив беа автори и издавачи на учебници, а исто така и нивните семејства. Меѓутоа, од друга страна советниците во Бирото за развој на образованието имаат законска обврска да ја следат работата на наставниците и да даваат оценки за нивната работа. Трипати негативна оценка за наставникот веќе значи напуштање на работното место. Ваквата позиција на дел од советниците од Бирото им одговараше многу со оглед на тоа што ја злоупотребуваа и покрај реакциите и покрај тоа што на мој предлог ова Собрание го усвои и го регулираше конфликтот на интереси и усвои одредба во законите за основно и средно образование во кое што се регулира кој може да биде автор на учебник и дека вработените во Бирото за развој на образованието, педагошката служба, не можат да бидат автори и издавачи на учебници, исто така и нивното блиско семејство не можат да бидат издавачи на учебници. Ова не помогна многу, самокритична сум. Со оглед на тоа што реков и претходно, не направивме комплетна ревизија, меѓутоа и таа една единствена законска одредба која што остана во ингеренциите на Бирото за развој на образованието за давање на стручно мислење за ракописите на учебници, дел од советниците ја користат да ја злоупотребат својата положба и да вршат притисок на наставниот кадар, да ги употребуваат учебниците на кои што тие се автори, или издавачи. За тоа има бројни примери. Овде имам еден список од комплетни учебници кои што се одобрени и колку од нив во суштина се автори и издавачи, а се вработени како советници во Бирото за развој. Се разбира нема да го читам, меѓутоа анализата покажува дека речиси 80% од одобрените учебници, автори и издавачи имаат вработени во Бирото за развој на образованието. Само неколку примери, решение за одобрување на работни листови, автор е Нада Николовска, советник во Бирото. Исто така решение за одобрување и користење на Историски атлас, Музичка плетенка исто така од автори советници во Бирото, издавачкото претпријатие "Македонска искра" достави барање за одобрување и користење работни листови по лектира од И до ИВ одделение, автор е Нада Николовска, самостоен педагошки советник, рецензентите се исто така советници во Бирото за развој на образованието, вработени во различни градови, едниот во Битола, другиот во Охрид итн. Оние што се заинтересирани, јас сум расположена да ви го дадам ова на увид. Значи, јасно е во тој случај зошто има такви реакции, зошто имаше такви реакции при донесување на измените на законот за основно и средно образование кога се регулира конфликтот на интереси. Јасно е зошто реакциите на дел од советниците во Бирото се и сега против донесување на ваков закон. Ќе ви покажам уште еден пример кој оди во прилог на тоа дека треба да имаме посебно тело кое што ќе се занимава само со учебникарството. Овде имаме наставна програма по биологија кој е задолжителен предмет за прва година која ја издава Бирото за развој на образованието. И замислете во наставната програма меѓу другото стои и кој автор треба да се употребува, кој учбник од кој автор треба да се употребува, што е незамисливо и директно кршење, практички зоупотреба на службената должност на советниците во Бирото.

Значи, Предлогот ќе овозможи да имаме посебно тело кое што ќе се занимава само со учебникарството, за квалитетот на учебниците, за нивната употреба, а Бирото за развој на образованието ќе остане орган кој што ќе се занимава само со развојната компонента на образованието и Министерството од трета страна како извршен орган во целата оваа процедура. Бројни се реакциите и од наставници и од директори, се разбира не од сите, заради тоа што еден дел од наставниците и од директорите се обвинети исто така дека земаат провизија од 20%, тоа впрочем беше и во медиумите во септември 2002 година објавено во "Утрински весник", дека некои автори на учебници тврдат дека одредени наставници и директори земаат провизија од 20% од продаден учебник и дека практички имаат дил со одредени издавачи, а потоа го делат влогот.

Советниците и наставниците уценуваат ученици да им ги купат учебниците. Тоа е исто така наслов од "Утрински весник", од 19 септември 2002 година во кое што исто така се реагира дека советниците од Бирото за развој на образованието издаваат сопствени учебници преку издавачки куќи на свои синови и ќерки каде што се вели дека ова "Утрински весник" го дознава од свои извори, а оние советници пак кои немаат таква можност според родителите на основците издаваат сопствени учебници по други канали. Значи, навистина една конфузна атмосфера за која што континуирано се зборува години station наназад, а за кое што исто така придонесе одобрувањето од страна на бившиот министер за образование во септември 2002 година пред парламентарните избори на повеќе од 280 учебници, ракописи за учебници кое што колку и да било добронамерно, таму

дополнително влијаеше на зголемување на хаосот во учебникарството.

Морам да кажам дека има реакции и за злоупотреба на семинарите што ги организира Бирото за развој на образованието, а кои што би требало да бидат во функција на подобрување на квалитетот на наставата, дека практички семинарите кои што се во организација на Бирото се користат за промоција на учебници од автори кои што се советници во Бирото за развој на образованието. Меѓутоа, за среќа има наставници кои реагирале на ваквата појава, има наставници кои што реагирале на притисок на советник од Бирото за развој на образованието кој бил присутен на часот да изврши увид во наставата, меѓутоа од страна на советничката до учениците единствено што биле упатени прашања покрај некои протоколарни прашања во поглед на наставата, биле прашани од кој автор користат учебници и дали сите имаат учебници на кои е таа автор. И кога добила одговор дека немаат сите од нејзините учебници, изјавила пред учениците дека е многу разочарана, а по завршувањето на часовите наставничката која што не го користела нејзиниот учебник била викната на сослушување и мене ми е навистина непријатно да ги прочитам зборовите, заради тоа што и е речено веднаш да си оди дома, заради тоа што не заслужува да продолжи со изведувањето на наставата.

Оваа изјава е дадена до Министерството за образование на Република Македонија на 26 март 2002 година. Токму заради тоа се предвидува во основното и средното училиште, со оглед на тоа што најголемиот дел од продажбите сега се одвиваат токму во училиштата, во основното и средното училиште да бидат во употреба учебници одобрени во согласност со овој закон, значи да се изврши ревизија и се забранува продавање на учебници во основното и средното образование.

За разлика од досегашната пракса кога на конкурсот се јавуваа издавачи сега се предвидува Министерството во точно утврден рок, првата недела во феверуари и во октомври секоја учебна година да распишува конкурс за одобрување на учебници на кој што ќе конкурираат авторите и кој меѓу другото ќе го содржи максималниот износ на цената на учебникот што Министерството може да ја прифати. На тој начин интерес на авторот ќе биде да најде издавач кој што ќе може квалитетно да го издаде учебникот, со што помала цена, со што ќе излезе во пресрет на барањата на родителите да се намалат цените на учебниците. На овој начин се овозможува практично контрола или регулирање на цената на учебникот од страна на Министерството.

Исто така се предвидува авторот на учебник на јазикот на припадниците на заедниците ракописот да го поднесе на македонски јазик и на јазикот на заедницата за која е наменет учебникот со оглед на тоа што досегашната пракса покажува дека во многу наврати не можат да бидат стручно оценети од страна на членовите на стручните комисии и на педагошката служба учебници кои се на јазикот на припадниците на заедниците заради тоа што е даден единствено на тој јазик, а ние имаме и уставна обврска ракописот на учебникот да биде доставен на македонски јазик и на јазикот на припадниците на заедниците. Значи ова е единствено во функција на подобрување и на контрола на квалитетот, меѓутоа запазување и на уставната одредба за употребата на јазиците.

Се предлага формирање на комисија за стручно вреднување на ракописи на учебник која ќе има најмалку пет члена, а задолжително двајца научници, односно стручњаци за содржината на самиот предмет или наставната област за која е наменет учебникот, методичар за одделен наставен предмет или област и двајца стручњаци, практичари од основното или средното образование, зависно од тоа за кој наставен предмет или област е наменет учебникот.

Се предвидува членот на комисијата да не може да биде вработен во Министерството, ниту пак автор, рецензент или стручен соработник за учебникот. Значи има обид во рамките на сите тела кои што се инволвирани во процесот на давање на мислење за ракописот на учебникот и за одобрување на учебникот практично да биде изоставен конфликтот на интереси,

Предлогот за донесување на закон содржи строги критериуми и рокови во рок од колку време треба да се одговори на доставеното барање. Исто така рок против решението на министерот кога може да се поднесе жалба до второстепена комисија, што до сега не беше случај. Тоа беше една од причините многу приговори да бидат отфрлани од страна на второстепената комисија, меѓутоа исто така се случуваше на приговори да не биде одговорено повеќе од една и година ипол и практично авторите и издавачите не знаеја на што се должи отфрлањето на нивниот ракопис и неможноста забелешките кои што ги има комисијата да ги поправат во некој нареден пат.

Токму заради тоа исто така се предвидува со решението особено ако се одбива барањето за одобрување на учебникот заедно со решението задолжително на авторот да му се достави и оценка на комисијата, стручното мислење на советот и предлогот на педагошката служба. Значи, авторот точно ќе знае од кои причини неговиот ракопис е одбиен.

Исто така има строги рокови и критериуми кога стручна комисија која што ја формира министерот може да донесе решение за повлекување од употреба одреден учебник,

што до сега не беше случај и, строги рокови околу тоа во кој рок може да се поднесе приговор на стручното мислење или да побара изземање авторот на членовите на комисијата, меѓутоа и во кој рок мора да му биде одговорено.

Во членот 21 од Предлогот за донесување на законот се предвидува авторот во рок од шест месеци по приемот на решението за одобрување на учебникот да биде должен истиот од македонски јазик да го преведе и издаде на јазиците на припадниците на заедниците кои што ќе го користат и обратно заради тоа што за текнавме пракса учебниците да не се преведуваат и имавме проблеми во изведувањето на наставата на мајчин јазик на припадниците на заедниците и недостаток на учебникот на јазикот на кој што Заедницата го користи. Тоа беше констатирано и за време на деновите "отворено Собрание" кога Комисијата за образование, наука и спорт и Комисијата за европски прашања имаа отворена трибина со средношколците. Од дел од нив беа искажани незадоволства со оглед на тоа што не постојат учебници на јазикот кој што го користат во наставата, меѓутоа не постојат дури ни стручни учебници на македонски јазик, туку се користат учебници од друго говорно подрачје.

Со оглед на сите проблеми со кои што се соочуваат родителите во однос на обезбедување на учебниците има одредба со која што на издавачот му се дава обврска учебникот да биде испечатен и издавачите да ја обезбедат неговата достапност до крижарската мрежа најдоцна месец дена пред почетокот н аучилишната година и со тоа практично ќе се избегнат сите гужви што настануваат од почетокот на училишната година. Исто така има предвидено и обврска за директорите и наставниците во основното и средното образование најдоцна до крајот на јуни во тековната година да ги известат и родителите и учениците кои учебници ќе бидат во употреба наредната година со цел да им биде многу полесно на родителите навремено да ги обезбедат учебниците пред почетокот на училишната гопдина.

Особено во прилог на ова оди и предвидувањето да се води регистер на одобрени учебници во педагошката служба и Министерството да издава каталог на одобрени учебници кои можат да се употребуваат во наредната учебна година со податоци за насловите на учебниците и авторите, видот на училиштето и одделението односно паралелката за која е одобрен учебникот, издавачот и малопродажната цена на учебникот. На овој начин ќе избегнеме и потреба на учебници кои што се употребуваат без дозвола, без помината регуларна процедура во Министерството, а кои што сеуште се во употреба.

На крајот би сакала да нагласам дека ние како пратеници би требало да го штитиме општиот интерес на граѓаните, а не интересот на поединци. Затоа су убедена дека против донесувањето на овој закон можат да бидат само оние кои што имаат личен интерес да не се средат состојбите во учебникарството и оние кои што се инволвирани во корунтивните релации во учебникарството.

Длабоко сум убедена дека нема такви меѓу пратениците и дека ќе биде поддржана потребата за донесување на овој закон со оглед на тоа што ова е прва фаза, сите забелешки ќе ги сфатам добронамерно. Во вторат афаза целта е да усвоиме навистина добар закон и ова Собрание да биде запамтено како Собрание кое направило обид да стави законска рамка и со сконска рамка да стави ред во една исклучително осетлива свера во образованието. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам на госпоѓица Грковска.

Молам од пријавените кои беа додека дискутираше пратеникот Грковска дали некој е за реплика, или сите се за збор?

За реплика се јави господинот Мешков.

**Љупчо Мешков:** Ја ислушав колешката Славица предлагач на законот и апсолутно се согласувам дека за надминување на состојбите во учебникарството, кои на сите нас добро ни се познати апсолутно постои потребата од донесување на ваков закон, меѓутоа мене ми бодеше очи што таа сите примери што ги кажа за ваквите неповолни состојби ги поврза со периодот пред 2002 година, што мислам дека не е многу коректно во оваа ситуација, заради фактот што од тогаш до сега има поминато пет години. Пет години е доволно долг период за преземата на мерки, евентуално тоа време неповолни за да бидат надминати и денеска да имаме една подобра состојба.

Инаку, законот се предлага за да се надминат актуелните неповолни состојби во оваа област, а не да се исправуваат состојби од пред петр години или пред четири години.

На крајот на краиштата ми се чини кога често пати ваква и другите зборуваме, навраќајќи се 4 или 5 години барајќи ги корените или причините за некои такви неповолни остојби како да сакаме да ги апстрахираме актуелните институции и одговорни луѓе за нивната одговорност за актуелните состојби кои што се во таа област. Јас мислам дека не е многу важно тоа, во овие пет години дали корените се пред 4 или 5 години, важно е да расправаме за неповолните состојби кои што ги имаме и сите заедно да преземеме мерки тие неповолни состојби да бидат надминати.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Една минута контра реплика госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Мешков воопшто не ми беше намерата да ја префрлам топката на состојбите само пред 2002 година. Во еден дел од образложението намерата ми беше да потенцирам дека станува збор за кумулирани состојби и реков дека почнуваат 1997 година кога практично владеачката гарнитура беше поинаква отколку од 1998 до 2002 година.

Меѓутоа, сакав да кажам дека користев извадоци од новини заради тоа што само тие ми беа достапни од 2002 година. Јас сјм и ден денеска убедена дека и денес има такви примери, меѓутоа не успеав да сретнам таков податок а впрочем ако бев убедена дека се средени состојбите немаше да го предагалм овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Коста Прешоски.

Повелете господине Прешоски.

**Коста Прешоски:** Почитуван потпретседател, денес на собраниска расправа го имаме Предлогот за донесување посебен закон за учебниците во основното и средното образование, предложен од почитуваната пратеничка госпоѓица Славица Грковска. Оваа проблематика ми е доволна позната и тоа ми дава за право да се произнесам за потребата од донесување на овој закон.

Како што кажа во своето излагање почитуваната пратеничка Славица Грковска како предлагач кај нас оваа материја законски е уредена и регулирана со Законот за основно и средно образование, но се прашувам дали со тие 13-тина членови од едниот и од другиот закон, бидејќи тие се идентични во целост или парцијално е регулирана областа на учебникарството, односно дали со тие членови од двата закони учебникарството е ставено во таква законска рамка што одговара на нашата стварност, на нашето општествено живеење. Ќе бидам директен во одговорот - сигурно не.

Тоа што до сега го имаме регулирано како норматив не е доволно. Затоа ја поздравувам идејата на госпоѓица Грковска да предложи посебен закон за учебници за основното и средното образование.

Почитувани пратеници,

Квалитетни учебници се предуслов за квалитетен образовен процес. Учебникот е една од најзначајните алки во образовниот процес и токму поради таквата улога се наметна потребата за донесување на ваков закон.

Една од причините зошто поддржувам донесување на еден ваков закон е тоа што се допрецизира поимот учебник. Во член 2 предлагачот детално го прецизира поимот "учебник" и предлага под поимот "учебник" да се подразбира не само таканаречениот основен учебник, како што беше до сега, туку и помошната литература, член 2 став 3.

Немам намера да полемизирам и влезам во некаква теоретска расправа за тоа што се подразбира под поимот учебник, туку напротив ќе се осврнам на одредбата со која ќе се овозможи да се отстранат досегашните проблеми со неконтролираното издавање на придружната литература, бидејќи со овој закон и таа ја поминала истата процедура како и основниот учебник. Дилема имам дали наведената процедура би се почитувала во целост за придружната литература, како и за основниот учебник или само би важела некаква делумна процедура која би се регулирала со овој закон.

Во овој закон посебен осврт е дадено на условите и постапката за одобрување на учебници и начинот на избор на учебници. Ќе се обидам накратко да ги лоцирам прашањата односно проблемите на кои предлагачот обрна посебно внимание, а соодветно на тоа и на понудените решенија со едно свое видување и коментар.

Денес со сегашната законска регулатива на конкурси за издавање на учебници конкурираат издавачи со ракопис, со конкретен акт. Вакviот начин по мое мислење има рефлексија во тоа што прво цената на учебникот се формира од профитите и интересите на издавачот. Од таму имаме ненавремено издавање на учебник од страна на издавачот, што е многу честа појава. Од друга страна незадоволни се родителите поради високите цени, авторите поради тоа што не им се валоризира соодветниот авторски труд и имаме незадоволство кај учениците и наставниците поради ненеавремено издавање на учебниците.

Исто така со одредбите на овој закон се менува и процедурата за издавање на учебник односно се предлага авторот да конкурира на конкурсот за одобрување на учебници за употреба и издавање, член 8 став 1. Значи, авторот наоѓа издавач и тој директно учествува во креирањето на цената, член 8 став 2 точка 9.

Потоа со член 22 се наброени обврските на издавачот, посебно став 1 точка 3 и точка 1.

Во овој дел прецизно се дефинирани обврските на авторот, издавачот и Министерството во целата постапка.

Почитувани пратеници,

Пракста покажа дека не е до крај регулиран конфликтот на интереси поврзан со авторството и издавачката дејност. Сегашната регулатива тоа не го обезбедува. Така денес ја имаме оваа состојба.

Дел од вработените во Бирото за развој на образованието да можат да ја злоупотребат нивната службена позиција и да се наметнат вршејќи притисок врз наставниот кадар во интерес одделен учебник да биде прифатен во даденото училиште. Тоа е можно бидејќи Бирото за развој на образованието според сегашната регулатива дава стручно мислење за

усогласеноста на ракописот на учебник со концепцијата за учебник и наставните планови и програми од една страна и законската можност Бирото да покрене иницијатива за училиштето за преиспитување на способноста на учебниците за реализација на работните обврски од друга страна.

Исто така денес во повеќе училишта директно се продаваат учебниците, без за тоа да се користат трговските дуќани односно книжарниците.

За менување на овие состојби пратеничката Грковска предлага во рамките на педагошката служба да се оснива посебно тело наречено совет, член 4 став 1 кој единствено ќе се занимава со учебникарството.

На предлог на Советот министерот формира комисија за стручно вреднување на ракописи на учебник, член 9 став 1, и истата Комисија, не знам дали сум во право, ја утврдува усогласеноста на учебниците со концептот за учебник, член 9 став 2. Можеби е добро од технички аспект овие ингеренции на Комисијата и Советот да се усогласат. Бидејќи, во член 10 став 1, некаде во вториот ред стои "Стручното мислење на Советот за усогласување на ракописот со концепцијата. . ." Значи, за стручно мислење за усогласување на ракописот со концепцијата се споменува еднаш Комисијата, а во друг случај Советот. Инаку, сето ова го прифаќам, бидејќи мислам дека на овој начин ќе немаме преклопување на интереси и ќе се обезбеди независност и разграничување на интересите во сферата на учебникарството во органите на Министерството, т.е. од една страна ќе го имаме Бирото за развој на образованието со неговата развојна компонента и обезбедување современи наставни планови и програми и Советот за учебници како посебно експресно тело кое ќе врши дел од процедурата на издавањето на учебници.

Со член 5 став 5 се забранува продавање на учебници во основното и средното училиште, што значи дека и тоа прашање е регулирано.

Во овој закон се содржани термини кога се распишуваат конкурси за одобрување на учебници за употреба и издавање. Но, дали овие рокови се доволни за да може учебникот да се користи според распишаниот конкурс т.е. во наредната година, како што стои во член 6 став 2. Одговорот за мене е не. Бидејќи, според овој член конкурсот трае шест месеци, според член 10 став 4 за добивање на решение се потребни 90 дена. Според член 21 за преводи уште 6 месеци итн, а за работа на Советот и Комисијата не е предвидено време. Предлагам овој дел околу термините да се доработи и да се допрецизира.

Во член 14 стои дека Министерството може да партиципира во издавањето на малотиражни учебници, што значи дека и немора . Мислам дека треба да се дефинира што се подразбира под поимот малотиражен учебник и треба да е јасно дали Министерството ќе партиципира за мал;отиражните учебници. Во овој дел предлагам да се регулира и издавањето на учебници за ученици со посебни образовни потреби.

На крајот ќе набројам некои прашања од сферата на учебникарството, значи ќе резимирам, што не се регулирани со последната регулатива и на кои со одредбите на овој закон и е дадено посебно внимание. Така, се прашувам дали имаме контролирано издавање на придружна литература? Одговорот е да. Дали цената на учебниците се формира од интересите на издавачот? Одговорот е да. Дали имаме ненавремено издавање на учебници од страна на издавачите? Да, и тоа многу често. Дали имаме незадоволство поради високите цени на учебниците? Да, и тоа останува на родителите и на учениците. Дали се незадоволни авторите на учебници? Да, бидејќи недоволно се валоризира нивниот труд. Дали имаме конфликт на интереси поврзан со авторството и издавачката дејност? Да, за тоа погоре зборував. Дали учебниците, главно, директно се продаваат преку училиштата на учениците? Да, без тоа да се користи учебникарската мрежа. Дали имаме прецизни термини за распишување на конкрус на учебници? Не. Дали имаме утврдени рокови кои авторот мора да ги почитува за превод на учебникот на јазиците на заедниците и обратно? Одговорот е не. Дали со сегашната регулатива се одредени прецизни критериуми за повлекување на учебник од употреба? Не.

Од тие причини ја поздравувам и ја подржувам идејата или оваа иницијатива на почитуваната госпоѓица Грковска за донесување на посебен закон за учебници. Уште повеќе ако се знае нејзината амбиција да се направи навистина добар закон и нејзината спремност да ги прифати сите забелешки и сугестии што се однесуваат на подобрување на процедурата и текстот на законот.

Од друга страна добро е што овој закон ќе оди во повеќе фази, бидејќи ќе имаме можност овој закон да се усогласи со одредбите на Законот за Бирото за развој на образованието и Законот за просветна инспекција, што веќе е во собраниска процедура.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Прешоски.
Има збор пратеникот Митковска Милка.

Повелете госпоѓо Митковска.

**Милка Митковска:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пред нас е Предлогот за донесување на законот за учебници за основното и средното образование. Во тој контекст мора да

признаеме дека образованието и образовниот процес бараат една константна подршка, бараат една супервизија и прилагодување на промените во соодноc со промените и барањата на општеството и на општествениот одржлив развој.

Токму за тоа, за да се постигнат целите поставени со образованието, треба да се создадат услови и тоа потребни услови. Како приоритетен услов секако дека се добрите, квалитетните учебници како основно средство во образовниот процес.

За жал, во последните години во отсуство на закон за учебници , ние сме сведоци на еден хаос во учебникарството, кој што директно се одразува како врз квалитетот на образованието, така и врз мотивацијата на самите ученици. Одтука, произлегува и големата потреба од овој закон, со кој би се елиминирал хаосот со учебниците и би се намалиле проблемите, а со нив и проблемите како на учениците, така на родителите, на самите училишта, па и на предметните наставници.

Јас ја поздравувам оваа иницијатива како предлог за донесување на закон за учебници во основно и во средно образование со свој одреден коментар по некои членови од него по мое видување.

Имено, уште во член 2 став 3, каде што вели дека учебникот во смисла на овој закон ги содржи прирачниците, збирките задачи, работните тетратки, контролните задачи, тестовите, атласите, практикумите, речниците и другите придружни литератури неопходни за реализирање на Програмата за воспитно образовната дејност во основното и средното образование утврдено со наставен план и Програма. Морам овде да нагласам дека ако сета оваа придружна литература е задолжителна за ученикот, во тој случај каде ќе му биде крајот на родителот кој во вакви финансиски дубиози во овој период не би можел да му обезбеди книги на сопственото дете. Значи, под придружна литература не смее да се подразбере задолжителна литература за ученикот. Но, да, придружна литература за наставникот кој мора да биде подготвен сестрано.

Во членот 5 став 1 "учебникот мора да исполнува научни етички и други стандарди", тоа други стандарди, мора да бидат наведени кои се тие стандарди, дали се работи за дидактички, воспитни и незнам кои, битно е дека треба да се додефинира.

Понатаму, во истиот член 5 став 4, во основното и средното училиште и други установи, кои се тие други установи што вршат образовна функциј. Или да се наведат или воопшто да се избрише да не постои. Во став 5 "забрането е продавање на учебници во установите од став 4 на овој член". Овој член е особено за пофалба бидејќи во последните години сведоци сме дека училиштата станаа трговски установи во кои се продава и препродаваат учебници и се врши влијание од повеќе страни не само од Бирото за развој. Змачи, книжарниците да си го земат своето основно значење, основна функција продавање на учебници а училиштето и училишната зграда за место каде што се врши воспитно образовна дејност, а не трговска дејснот. Овде се нарушува, пред се, дигнитетот и угледот на наставниот кадар кој е уценуван одредени проценти од вредноста на книгата , заради тоа колку повеќе ќе успее да продаде учебници од избраниот учебник за употреба во одредената наставна година.

Во членот 6 став 4 "во конкурсот се утврдува максималниот износ на цената, што Министерството може да ја прифати". Кога станува збор за цената сметам дека досегашните цени на учебниците беа превисоки и мора да признаеме дека во околината на нашата земја учениците од нашата земја плаќаат најскапи учебници. Тоа е токму она што потекнува од оној претходниот член за кој што зборував дека учебниците се продаваат во училиштата а не во книжарниците и провизијата може да биде многу повисока, отколку што би била во самите книжарници и токму таа провизија можеби ја качува цената на учебниците.

Исто така, кога станува збор за цената на учебниците, секој учебник мора на последната страна да стои со вредноста на учебникот односно цената мора да стои. Тоа го имаме кај сите учебници во другите соседни земји, не постои само кај нас, што укажува на малверзации околу утврдувањето на цената на учебникот. Значи, апелирам на реална или пониска цена од реалната, со дотации на Министерството, бидејќи ние имаме систем како што рековме и на бесплатно школување. Дали ја напуштаме компонентата на бесплатно школување или правиме и учебници за најскапи цени, што го доведува во прашање и школувањето на учениците, а тоа го потврдува и големиот број на ученици кои што не се опфатени во образовниот процес.

Во членот 6, став 6, "доставените ракописи на учебниците ќе се отвораат во истиот ден од страна на Педагошката служба". Кој е тој ден, тој ден не е означен, само е ист ден. Значи, означен како ист недефиниран. Во ставот 7 "на отворањето на ракописите на учебниците се повикуваат сите учесници на конкурсот и се известуваат за денот и часот на отворањето на ракописите". Овој став е дискутабилен од причина што овде се нарушува законитоста на тајност по основ на тендер.

Член 8 став 1, "авторот учествува на конкурсот анонимно". Авторот што учествува на конкурсот задолжително приложува и учебник во шест примероци и ликовно-графички обликуван и јазично уреден во форма на целосен книжевен

опфат, друг носител на информации, дискета, компакт-диск и други определени нешта, изјави на лекторот за јазичното уредување на текстот и уште многу други нешта што се наведени". Овде доаѓа токму она недоразбирањсе меѓу иоздавачот и авторот. Ако авторот сам треба да го обезбеди ова, во тој случај авторот треба да се изложи на многу големи финансиски издатоци, кои однапред не би имало такви издатоци да ги даде и со тоа се оневозможува и да биде учебникар, а при тоа не е сигурен дали неговиот учебник ќе биде избран или нема да биде избран. Ако пак однапред имаме договор меѓу издавачоти и меѓу авторот и ако тој договор заедно со учебникот е приложен до Комисијата за избор на учебници, во тој случај повторно е нарушена тајноста.

Членот 9 став 3, "Комисијата има најмалку пет членови". Значи, Комисијата за издавање и вреднување на учебниците е од пет члена. Двајца од тие членови се научници односно стручњаци за содржината на наставниот предмет или на наставната област за која е наменет учебникот, методичар за одреден наставен предмет или област и двајца стручњаци практичари од основното и средното училиште за наставниот предмет или област за која е наменет учебникот. Овој состав на Комисијата не би требало да биде токму од оваа структура. Имено, двајца научници не се потребни, доволно е еден, заради тоа што се изоставени како членови на Комисијата психолог и педагог, а кои што се неопходни за еден квалитетен учебник да се изработи по сите мерила. Дури и двајцата стручњаци-практичари од основното и средното образование, веројатно, ќе биде еден или Комисијата треба да брои повеќе членови.

Член 10 став 3, "за еден наставен предмет, министерот може да одобри издавање до три учебници". Е, сега, овде за мене е спорно ова, дали по секоја цена мора да се изберат три учебника ако приложените учебници не ги исполнуваат критериумите. Ако само еден од нив ги исполнува критериумите, дали ќе бидат три учебника и зошто да бидат три кога тие и онака немаат свој квалитет. Ако има повеќе, тогаш е во ред да имаме избор, но доколку дел од тие не го исполнуваат критериумот за солиден учебник, во тој случај не би требало да имаме три учебника. Од друга страна и по кои критериуми ќе се одлучува за вреднувањето на самиот учебник. Овој член укажува дека еден учебник ќе доаѓа само како формална страна да ја потполни одредбата 3 учебника, а учебникот може да нема никаква вредност.

Член 14 став 1,"Министерството може да партиципира во издавањето на малотиражни учебници". За овој член дискутираше и претходниот дискутант, во кој што може да партиципира, а не се знае и не мора да партиципира, а ако партиципира каде. Дали се тоа во учебници кај ученици со посебни потреби, каде што навистина тиражот ќе биде мал, дали тоа ќе бидат учебници на учебниците на малцинските заедници, воопшто не е прецизирано. Значи, апсолутно треба да се прецизира, за кој, каде и дали ќе партиципира или само формално е наведено дека ќе партиципира.

Член 15 "министерот по извршена анализа од стручна комисија донесува решение за повлекување од употреба на одобрен учебник". Е, сега, и овде се прашува кои ќе бидат критериумите по кои ќе се отповикуваат одредени учебници од образовниот систем и во кој рок воопшто ќе се отповикаат. Значи, не е прецизиран ниту рокот, ниту критериумот, ниту пак по чија препорака воопшто министерот ќе го направи тоа. Дали по препораката на Советот, дали по препораката на Комисијата за вреднување на учебниците.

Член 16 од Глава 3-та "права и обврски на авторот и издавачот". Во став 1 од овој член "авторот на учебник може да биде лице со високо образование, магистер или доктор на науки од областа за која е намемент учебникот, доколку со овој закон не е поинаку уредено".

И досега имало учебници со пониски образованија од вишите, па тие учебници не биле ни случајно понеквалитетни од оние што биле изработени од доктори на науки, заради тоа што докторите на науки даваат преголема ширина на материјалот, на наставниот материјал од една страна и премногу високиот стил на пишување, што е несоодветен на возраста на ученикот. Така што јас мислам дека не треба да се ограничува образованието, како репер за автор на учебник.

Член 17, во членот 17 "Вработените во Педагошката служба, Бирото, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и државниот просветен инспектор не можат да бидат автори на учебник". Тоа е во ред со ставот 1.

Во ставот 2 "Вработен во органите на став 1 од овој член, како и член на неговото семејство не можат да бидат издавачи на учебник.

Како членови на семејството во став 3, во смисла на ставот 2 од овој член се смета брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите". Јас лично сметам дека и ова е дискутабилно.

Ако директно, оние кои се во органите на педагошката служба не можат да бидат учебникари. Зошто не можат да бидат нивните семејства, дури браќа, сестри, нивни деца итн? Дали ова не е дискриминација, едноставно во однос на некакво си размислување? Дали, да речеме, еден доктор не смее да го школува своето дете во својата струка заради тоа што тој е доктор? Сметам дека нема основ за вакво нешто, барем за семејството и блиските членови на семејството, да бидат иземени.

Јас сакам овој член да се избрише, доколку тоа го прифати предлагачот.

За пофалба се членовите 18 и 19, во кои што се дава за право учебникарот, односно авторот да има право на увид на оцнеката што му ја дава Комисијата. Доколку е незадоволен, да може да види од што се незадоволни и дали останатите учебници што се предложени се поквалитетни од неговиот.

Глава В Употреба на одобрените учебници од училиштата, во ставот 1 на членот 26 се вели:

"За употреба на учебник во основното и средното училиште одлучува наставничкиот совет по доставен образложен писмен предлог од стручниот актив по соодветниот наставен предмет".

Мислам дека и овој член треба да претрпи измена, односно треба да биде за употреба на учебник во основното и средното училиште одлучува стручниот актив, а наставничкиот колегиум го потврдува. Не може ниту еден да го надгласува предметниот наставник кој не е компетентен со неговиот предмет. Тој треба да му одбере учебник. Можеби тој нема да се согласи да има вршено некакво влијание врз него со предлогот на активот по одредениот предмет, а наставничкиот совет треба да го надгласува. Значи, наставничкиот совет треба само да ја потврди одлуката што ја донесува стручниот актив од соодветниот наставен предмет.

Во членот 26, став 3, за избор на учебници што ќе бидат во употреба во наредната учебна година, училиштето е должно да ја извести Педагошката служба најдоцна до 15 ноември секоја учебна година, во кое ќе бидат содржани следните податоци, односно претходните податоци. Наместо "следните", треба да стои "претходните" .

После сите овие членови недостасува последното поглавје, односно нема казнени одредби за оние кои ќе го прекршат овој закон ќто ќе биде донесен од Собранието.

Се надевам дека дел од овие забелешки ќе бидат прифатени од предлагачот и дека ќе најдат свое место во самиот закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Госпогице Грковска се јавивте за реплика или за збор?

За реплика, добро, има три минути за госпоѓица Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Ако веќе морам да го дефинирам некако, меѓутоа повеќе е објаснување, со оглед на тоа што госпоѓата Митковска е меѓу првите дискутанти, па со цел да ни се повторуваат истите дилеми кај другите дискутанти.

Сакам да и се заблагодарам на забелешките. Бидете убедени дека сериозно ќе бидат разгледани сите и ќе бидат вградени, доколу се во прилог на подобрување на текстот.

Сакам да изнесам само две забелешки.

"До 3 учебници", не значи точно три учебници. До три учебници значи 1, 2 или 3 учебници во зависност од тоа како ќе процени Комисијата. Меѓутоа, се ограничува, бидејќи претходната регулатива беше "два или повеќе" и благодарение на тоа во моментов имаме по 7, по 5 учебници од еден наставен предмет, што е навистина многу.

Затоа јас предлагам да се направи ревизија и во смисла на овој закон и на измените што сме ги усвоиле во законите за основно и средно образование, конечно да се направи еден ред и точно да се знае кои учебници ги задоволуваат основните критериуми и да се одобрат до 3 учебници. На тој начин ќе имаме горе-долу јасна слика кои учебници треба да се применуваат.

Во однос на членовите 16 и 17, морам да кажам дека единствено за овие два члена не прифаќам никакви забелешки, затоа што нив ги предложив како измени и дополнувања на законите за основните и средно образование. Собранието дискутираше за нив, ги усвои.

Делот од советниците во Бирото за развој на образованието тогаш ги дадоа на Уставен суд и Уставниот суд, на 9 октомври 2003 година се произнесе дека не се спорни во ниту една основа со Уставот. Значи, не станува збор ниту за дискриминација, ниту за ускратување на нечии права, туку напротив, регулирање на прашањето за конфликтни интереси што е редовно и нормално во секоја друга држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпогице Грковска.

Продолжуваме со расправата.

Пријавете се доколку сакате контра реплика.

Една минута контра реплилка за госпоѓа Митковска.

Повелете госпоѓа Митковска.

**Милка Митковска:** Во однос на трите учебници, сакам да кажам дека треба да се прецизира во кои случаеви, да не остава место за манипулација.

"до три учебника, доколку ги исполнуваат критериумите за еден квалитетен учебник", да се додадат овие зборови.

А, за членовите 16 и 17, ние сме премногу мала земја за да можеме да дискутираме за една ваква дискриминација во однос на авторите на учебници и не можеме да имаме толку широки исклучувања. Тоа е многу широко ислучување и може да се доведеме во ситуација нашите учебници да бидат правени од сосема аматери.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Има збор пратеникот Лепиткова Соња.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Денеска на седница на Собрание имаме, според мене, еден исклучително значаен предлог за донесување на закон за учебниците за основното и средното образование со што се регулира една сфара посебно во овој сегмент што е од исклучителна важност, уште еднаш ќе потенцирам, затоа што во себе вклучува решавање на проблемите што се однесуваат на најизразената популација, односно на најзначајниот дел од популацијата и тоа во процесот на нејзината едукација и образование.

Јас, како претседател на Комисијата, својата дискусија ќе ја започнам со една критика до Министертвото за образование и наука, затоа што до денешната седница, па и Владата, иако оваа точка беше ставена на дневен ред, Комисијата за образование, како матична комисија, не можеше квалитетно да расправа по овој многу важен закон што ја уредува оваа сфера на учебникарството од причини што до овој момент ние немаме мислење од Владата по однос на овој предлог на закон, што гледаме дека е во прва фаза. Меѓутоа, и покрај тоа, сметам дека ова е важен закон и на некој начин предлагачот на законот, госпогица Грковска опстои до тоа дека треба да се гледа на Собранието, без да биде повлечен како таков без разлика дали постои мислење. Навистина и честитам и во поглед на нејзината заложба и во поглед на тоа дека изработи една почетна верзија на Предлог на закон што одеше и на јавна расправа во сите сегменти, на кои што и ние, како членови на Комисијата, можевме да учествуваме и да искажеме свое мислење. На сите засегнати страни, кои исто така во првата фаза можат да искажат свои дилеми и несогласувања, како и свои видувања за подобрувања на текстот на законот.

Во сите земји што не опкружуваат се донесени вакви закони многу поодамна. Ја регулираат оваа чувствителна сфера и мислам дека е крајно време и во Република Македонија, барем да имаме една форма на закон што можеби во текот на времето ќе се доуреди. Според мене, сметам дека како основа е квалитетно ова што сега се предлага, и покрај тоа би дала некои свои сугестии и видувања по одредени членови, па во втората фаза би ме радувало доколку дел од нив, како такви, би биле инкорпорирани во самиот текст на законот.

Некои од нив искажаа и претходните мои колеги дискутанти.

Во членот 2, особено задоволство е што конечно имаме регулирање на терминот што е тоа учебник за основно и средно образование. Сметам дека ставот 2 па "Учебникот, во смисла на овој закон ги содржи и прирачниците, збирките задачи, работните тетратки, контролните задачи, тестовите". Е сега, кај мене стои дилемата дали тоа треба да се однесува и на атласите, практикумите и речниците како придружна литература, неопходна за реализирање на програмите на воспитно образовната дејност. Значи, стои дилема дали ова да се однесува и за атласите, за речниците или тие да се подредат под некоја друга форма, а не како основен учебник што е потребен за осстварување на образовната цел.

"Припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик различен од македонскиот, употребуваат учебници на јазикот на соодветната заедница". Една, навистина добра формулација, што содржи како таква и навистина ќе внесе ред во тој дел.

Во членот 6, кај мене, овој рок треба да се допрецизира. Овој рок, мора да биде предвиден рок за доставување на ракописите на учебниците пократок од шест месеци. Да се види, да се усогласи со останатите членови каде што се дадени овие рокови, дали тоа да биде 6 месеци или колку тоа, пократок рок од 6 месеци.

Исто така, на отворањето на ракописите на учебниците се повикуваат сите учесници на конкурсот и се известуваат за денот и часот за отворање на ракописите. И кај мене овде се буди дилема дали со тоа, анонимноста, на некој начин не се нарушува. Јас сметам дека овде би можело да стои дека тоа отворање и конкуркост, да се исвестуваат преку јавните гласила. Би можело да се дополни со една таква одредба.

Како и овој збор во членот 7, каде што стои "Министерството може да објави нов конкурс". Дали може или само да објави нов конкурс, доколу оцени дека таков конкурс треба да биде објавен.

Е сега, членот 8, кој предизвика најмногу полемика и дебата околу тоа дали на конкурсот анонимно да учествува авторот или издавачката куќа? Немам ништо против тоа авторот да учествува анонимно на конкурсот, меѓутоа кај мене постои само дилемата во поглед на тоа, земајќи го во предвид каква е финансиската и материјалната позиција на вработените во процесот на образованието кои треба да бидат носители, односно тие кои треба да ги пишуваат, подготвуваат учебниците, дали нема да се соочат со проблемот на навистина издавање на големи финансиски издатоци за припрема на учебник што во самата процедура на издавање на учебник е најскапиот дел, самата подготовка, неговата илустрација, потоа лектотирањето и сите оние придружни работи што со тоа следуваат до издавање на 6 примероци, со целокупното ликовно-графичко оформување, јазично оформување, па потоа да се дојде во ситуација да тој учебник не биде избран. Кај

мене лично тоа се поставува како дилема, да не претставува проблем, за многу квалитетни автори, поради немање на финансиски средства, да и покрај желбата, можноста и способноста, да се јават како автори на учебници, овој проблем претставува клучен проблем за издавање на учебник.

И ова, под д) Договор со издавачка куќа за меѓусебните односи на авторот и издавачот, особено за цената на издавачот, повторно како дилема, да не ја нарушува анонимноста, а пак од друга страна цената на учебникот и те како е важна и значајна особено во сегментот на основното образование, каде што, се согласувам, дека во Република Македонија имаме исклучително скапи учебници, земајќи предвид од друга страна дека тоа е задолжително образование, а со тоа дека таа висока цена оневозможува, во една ваква социјална ситуација на живеење, каде поради ова како причина што се наведува, огромен дел на ученици, па и нивните родители ги повлекуваат од образованието. Сметам дека во тој дел треба да се доработи, да се допрецизира да навистина цената биде дефинирана и од страна на Министерството да биде на многу ниско ниво, прифатливо. Ако треба и државата нека субвенционира на авоторите во таа смисла. Меѓутоа, ова се однесува за основното образование, да имаме навистина прифатливи цени на учебници.

Исто така, членот 17, сметам дека колешката Грковска тоа ќе го прифати, затоа што го изнесоа и претходните дискутанти. Министерството може да партиципир во издавање на малотиражни учебници. Јас сметам дека треба да се допрецизира за која категорија на учебници станува збор или за која категорија на корисници на учебници тоа се однесува и, колку е тоа број што е минимум на малотиражни учебници.

Во членот 15, каде што стои, застапеноста на учебник по три годишна употреба е помала од 10% бројот на учениците за кого е наменет и учебникот кој е заменет со ново издание во кој насловот или повеќе 20% од неговата содржина е изменета или дополнета, министерот, по извршената анализа од страна на Стручната комисија, донесува решение за повлекување на одобрен учебник. Со тоа се согласувам, меѓутоа, дали не треба да се поразмисли да се доработи процентот? 10%, според мене е многу мал процент за да еден учебник како таков се повлече и дали не треба процентот да биде поголем, од 20% доколку неговата содржина е изменета и дополнета. Сметам дека многу со 20% ќе се случува да постојано се изменуваат и дополнуваат содржините па да се изложуваат и децата и нивните родители на купување нов учебник, како една игра на варијанти, во смисла за 20% ќе пресметаат и секоја трета година ќе вршат негово надополнување. Тоа, во суштина, квалитативно нема многу да придонесе за изменување на учебникот.

Во членот 17, тоа го гледавме, за конфликт на интереси, се согласувам дека ова треба да стои и дека, како членови на семејство во смисла на ставот 2, од овој член се сметаат брачниот другар, децата, родителите. Меѓутоа, стои дилемата дали овде треба да стојат браќата и сестрите, доколу тие живеат надвор од заедницата на авторот кој го работи учебникот.

Само тоа како дилеми што еве колешката Грковска, како предлагач на законот да го земе во предвид, а тоа значи "Доколку се во заедница, живеат заедно со авторот на учебникот", јас прифаќам дека треба да се размисли дали треба да бидат автори на учебници.

Меѓутоа ако се надвор од заедницата, а се квалитетни како луѓе што издаваат и како автори, да не бидат оспорени, да го имаат тоа право, затоа што многу често сме сведоци дека и браќата и сестрите понекогаш можеби и не комуницираат, а од друга страна законски се обврзани да бидат надвор од издавањето на учебници, од еден значаен процес, ако за тоа се квалификувани и компетентни.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека иПретседателството односно Владата кога има вакви значајни закони, особено прдложени од страна на пратеници кои вложиле многу труд и напор за да предложат еден закон, како што ние го почитуваме тоа да даваме свое мислење, на комисиите да бидеме од нивна страна удостоени, барем на време, пред почетокот на седницата, она што го налага деловникот, да го имаме мислењето, без разлика квакво е, за да можеме и на самите комисии кои се стручни за тоа, квалитетно околу тоа да расправаме и да донесуваме свои заклучоци и ставови.

Уште еднаш ќе кажам дека го поддржувам донесувањето на овој Предлог на закон. Сметам дека е од исклучителна важност за уредување на оваа материја.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Незнам, на крајот ако мислевте дека Претседателството треба да го доставува мислењето, во ред тогаш, затоа што Претседателството односно Претседателот на Собранието доставува се она што ќе пристигне од Владата. До сега не ни пристигнало мислење.

Во ред, се разбравме.

Има збор пратеникот Хусеин Хусеинџевад.

**Хусеин Хусеиниџевад:** Јас сум член на Комисијата за образование и на Комисијата не дискутиравме за овој закон. Помина рокот за давање на забелешки.

Да им честитам за добрата работа односно им давам многу честитки за тоа како одлучија да донесат одлука за издавачките куќи и за начинот за издавање на тие учебници. Во другите фази би требало да се истакне поубаво како сето тоа би течело.

Јас нема да ги дадам моите забелешки. Можеби се од многу почувствителна природа.

За да можам да ги избегнам тензиите за моите забелешки, ќе ја замолам колешката овој закон да го повлече затоа што познавањето што го имам јас и Министерството за образование, за овој специфичен закон, со една таква соработка меѓу мене и Министерството, би имале еден многу поквалитетен закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хусеини.

Има реплика госпоѓа Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Хусеинџевад, јас имав малку проблем со преводот да разберам што е предлогот. Разбрав дека поминал рокот за давање забелешки по овој закон.

Сакам да викажам дека рокот за забелешки не е поминат, бидејки законот е во прва фаза. Имаше јавна расправа. Јавна расправа ќе има и после, до колку Собранието го усвои Предлогот за донесување на закон. Значи денес само дискутираме за потребата од донесување на ваков закон, а забелешките се изнесуваат и во текот на седницата и по донесување, до колку Собранието го изгласа ваквиот закон. Така што мислам дека за вас нема апсолутно никакви пречки да ги кажете вашите забелешки. До колку не сакате тоа да го нарпавите на собраниската седница, можете тоа да го нарпавите во писмена форма, по завршување на седницата. Меѓутоа, да ве информирам дека немам намера да го повлечам законот, од сите причини што ги кажав во образложението. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

На самиот почеток од моето излагање, навистина жалам што и овој пат за ваков сериозен закон, како што беше кажано и од госпоѓицата Грковска, за регулирање на хаосот во сферата на учебникарството во основното и средното образование, не најдоа за сходно да испратат претставник да ја слушне денешната дискусија, се со цел, навистина и тие да се вклучат во расправата, да го слушнеме и нивното мислење, како Министерство, а сепак и тие да ги слушнат аргументите што ги даваат пратениците.

Во исто време, сакам да ја искажам поддршката и на госпоѓицата Грковска и на сите други рпатеници кои вложуваа огромни напори да направат еден закон, во условите што ги имаме како пратеници.

Сега сосема накратко за секој член ќе се задржам и ќе кажам што е тоа што сметаме дека би требало да се измени, или да се дополни, значи сугестиите од наша страна што сакаме да ги предочиме, се со цел законот навистина да ја добие посакуваната форма и ефектот кој треба да се постигне со него, навистина да биде постигнат.

Во членот 2 од законот, во ставот 1 се наведува дека воспитно-образованта дејност во основното и средното образование се користат учебници и наставни помагала. Меѓутоа во ставот 3 од овој член не се разграничуваат учебниците и наставните помагала, туку напротив наставните помагала се дефинираат како да се дел од учебникот. Пред малку и претседателката на Комисијата за образование напомна, мислам дека многу јасно е дефинирано што е учебник, а што е наставно помагало. Зато и овде вос тавот 3 треба да бидат разграничени, наставното помагало и учебникот. Така како што е дадено, под учебник се подразбираат и прирачници и збирки на задачи и работни тетратки, контролни задачи, тестови, атласи, практикуми, речници и друга придружна литература, неопходна за реализирање на програмите за воспитно-образовната дејност.

Понатаму во член 2 став 4 се третира една сосема друга проблематика.

Во овој член, подносителот на овој Предлог на закон, го дефинира поимот учебник и мислам дека нема место за став во овој член каде се зборува за јазикот на кој учебникот треба да биде изработен. Мислам дека тоа треба да биде посебен член и е непотребно да стои став 4 од членот 2.

Понатаму во членот 4 се прави дискриминација на авторите на учебниците, бидејки се вели дека член на Советот не може да биде автор, издавач или рецензент на учебник. Мислам дека овде може да се направи, како што има и во многу другикомисии, како што е во Антикорупциската комисија и други комисии, конкретно кога се одлучува за предмет односно учебник или наставно помагало кај кое ќе се оцени дека има конфликт на интереси, да бидат исклучени тие членови од работата од односнио тучебник, а не да бидат дискриминирани авторите, да не бидат членови на Советот.

Понатаму став 1 и 2, сметаме дека треба да се избришат како непотребни и на нивно место да се стави нов став со кој, на Бирото за развој на образованието му се доделува изработката на концепцијата. Имено, Педагошката служба има само административна природа и не можат да

им се доделуваат ингеренции кои не се во согласност со постоечкиот закон.

Понатаму во членот 5 став 1 во кој се зборува дека учебникот мора да исполнува научни, етички и други стандарди, сметаме дека треба да биде надополнето и со - воспитно образовни стандарди. Значи учебникот мора да исполнува и воспитно-образовни стандарди. И во овој член секаде каде се зборува за учебник, дека нема да се одобри учебник чија содржин ане е во согласност со Уставот на Република Македонија, апсолутно се согласувам, меѓутоа треба да бидат наведени овде и наставните помагала. Не може учебникот да бид еусогласен со Уставот на Република Македонија, а наставните помагала дека нема потреба да бидат усогласенисо Уставот на Република Македонија. Исто така, понатаму ставот 3, дека учебникот не смее да содржи рекламни пораки и огласи, тоа треба да се однесува и на наставните помагала. Значи секаде каде што стои учебници, треба да стои-наставни помагала.

Во услови на пазарно стопанство, невозможно е Министерството да ја лимитира максималната цена на чинење на еден учебник, или наставно помагало, а друго е дали Министерството ќе оцени дека треба да даде одредена субвенција за учебниците на учениците во основното образование, кое е задолжително, се со цел да се растоварат родителите, или пак одредена група на ученици чии семејства се финансиски загрозени па не можат да ги купат учебниците. Значи овде мора да се најде некое друго решение. Сметаме, да се лимитира максималната цена на чинење на еден ученик дека би можело да оди на квалитетот на учебникот. Се врши квалитативно ограничување на авторот на учебникот, или на наставното помагало. Мислиме дека не би требало став 4 да биде вака дефиниран.

Понатаму во член 6, став 5 постои терминолошки пропуст каде се кажува дека во конкурсот не може да биде предвиден рок за доставување на ракописите на учебниците, пократок од шест месеци. Овде треба да се додаде само едно зборче - сметано од денот на објавувањето на конкурсот, за да биде многу појасно од кога почнува да тече овој рок.

Понатаму во член 6 став 6, зборовите "педагошка служба". Значи член 6 став 6 зборува за доставените ракописи на учебници се отвараат во истиот ден, од страна на педагошката служба. Мислам дека овде треба да стои Советот.

Понатаму во член 7 став 2 каде се зборува за унапредување на квалитетот и осовременувањето на одобрениот учебник, потребно е временската рамка која е дадена овде за перманентно унапредување на квалитетот и осовременување на одобрениот учебник, вел: "После 5 години од првото издание, Министерството може да објави нов конкурс". Сметам дека оваа временска рамка треба да биде флексибилна, со оглед на фактот што за некои наставни предмети 5 години е релативно долг период, како што е инфорамтиката, со оглед на тоа што постојано има промени во оваа област. Учебникот застарува и за една година , а камоли за 5 години, а за други пак наставни предмети, 5 години е релативно мал период.

Понатаму членот 8, сметаме дкеа концепциски е сосема погрешен. Имено за да се обезбеди што поголема објективност, Министерството треба да направи лектура на јазичното уредување на текстот. Да потсетам дека овде се зборува за тоа дека авторот кој учествува на конкурсот задолжително приложува: учебник во шест примероци, ликовно, графички обликуван, јазички уреден, понатаму изјава на лекторот за јазично уредување на текстот, три рецензии. Значи тоа е огромен трошок за луѓето од образованието, за еден солиден автор кој сака да понуди еден добар ученик во образованието, меѓутоа однапред треба да има и ликовно и графичко решение, да има направено лектура. Значи можеме да дојдеме во ситуација, сериозни автори кои може да придонесат да се создадат квалитетни учебници, да се откажат токму заради процедурата која е дадена овде. Сметаме дека Министерството треба да нарпави лектура на јазичното уредување на текстот и е должно, исто така, да обезбеди три анонимни рецензенти кои своите рецензии ќе ги објават во билтен на Советот. Значи не може да му се дозволи на авторот сам да си обезбедува рецензенти.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева, се извинувам што ве прекинувам.

Во овој момент во салата нашата работа ја следат претставници на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за пријателство со Собранието на Република Македонија кои се во посета на нашето Собрание и во мое и ваше име сакам да ги поздравам.

(Аплаус).

Продолжете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Сметаме дека не може да му се дозволи на второт сам да си обезбедува рецензенти. Договорот меѓу издавачката куќа и авторот сметаме дека е непотребен документ и не ја гледаме смислата за негово приложување, а посебно не е воопшто овде битна цената на чинење на учебникот или наставното помагало, во моментот кога се конкурира, бидејки додека се одлучи по конкурсот, може незнам колку пати да се промени цената која е дадена, бидејки живееме во едно пазарно стопанство. Повторно ќе кажам, цената не треба да биде ограничувачки елемент односно основен критериум за тоа дали некој учебник да биде прифатен или не, бидејки ако е помала цената

може едноставно авторот да се одлучи да конкурира со помала цена, а квалитетот на учебникот да не биде тој кој е посакуван.

Понатаму, во членот 9 од овој закон се зборува за формирањето на комисија за стручно вреднување на ракописи на учебник од страна на министерот, по предлог на Советот. Сметаме дека комисијата е повремено стручно тело и истата така треба и да се третира.

Во дадената специфиакција на члeновите на комисијата, се споменува и методичар за одреден наставен предмет или област. Значи комисијата има најмалку 5 члена од кои двајца научници, понатаму методичар за одреден наставен предмет или област. Сега, дали од областа на медицинските науки, или техничките науки има методичари?

Подолу е кажано дека во комисијата има и двајца стручњаци, практичари. Дали не е подобро овој термин да се замени со наставници и професори, луѓе кои работат, кои дирекно се вклучени во образованието.

Понатаму во членот 10 каде се зборува за педагошката служба дека врз основа на рецензираните ракописи за учебник, стручното мислење на Советот за усогласеноста на ракописот на учебник, со концепцијата на нставните планови и програми и стручното миселње на комисијата, на минситерот му предлага ракопис на учебник за одобрување и употреба. Овде предлагаме да се преформулира овој член и да гласи - Советот, врз основа на рецензираните ракописи за учебник и стручното мислење на комисијата, на министерот му предлага ракопис на учебник за одобрување и употреба.

Понатаму во членот 10 став 3 се зборува дека за еден наставен предмет минситерот може да одобри издавање до три учебници. Повеќе коелги се задржаа на ова решение. Меѓутоа, ние сметаме дека министерот треба да ги одобри сите учебници кои добиле позитивна рецензија. Нависитна не ја гледаме смислата зошто токму до три учебници, како што е дадено во постоечкиот Предлог на закон. Со тоа пак оставаме простор за манипулација, кој од учебниците кои добиле позитивни решенија, ќе бидат избрани. Кои се тие критериуми врз основа на кои, на пример има 10 учебници со позитивна рецензија. Од нив, како, врз основа на кои критериуми ќе бидат избрани токму три, или до три.

Тука многу сериозно треба да се размисли, повторно ќе кажам, се со цел да не оставиме простор за манипулација и за сите лоши нешта кои што во моментот следат со издавањето на учебниците.

Во членот 10 став 4 се вели дека решението за одобрување на учебникот се донесува најдоцна во рок од 90 дена од денот на уредно применето барање.

Сметаме дека овој е релативно долг период и дека истиот треба да се скрати на 30 дена.

Понатаму во членот 11 став 2 каде се зборува дека решението, а ако со решението се одбие барањето, односно не се одобри употреба на учебник, на подносителот на барањето заедно со решението, задолжително му се доставува и оценка од Комисијата, стручното мислење на Советот и Предлогот на Педагошката служба.

Во согласност со претходно споменатото мислиме дека овде Педагошката служба воопшто не треба да биде спомната и треба тоа да се избрише.

Понатаму во членот 14 став 1 повторно и ова решение беше спомнато од колегите пратеници, дека Министерството може да партиципира во издавањето на мало тиражни учебници. Овој термин во себе треба да содржи квантитативна вредност, бидејќи самиот поим мало тиражни учебници, воопшто ништо не зборува. Дали се работи за учебници за деца со посебни потреби, или за каков вид на учебници се работи со мал тираж во кое што Министерството може да партиципира. Значи овде многу јасно треба да се каже што се мисли под мало тиражни учебници, за да знаеме што е тоа што може Министерството да го партиципира.

Во членот 14, сметаме дека ставовите 3 и 4 треба да се избришат, бидејќи овие ставови каде што се зборува дека Министерството може да го помага издавањето на стручна литература, списанија, публикации, за дел од финансиските средства од овој став на овој член, во договор со издавачот, да изврши откуп на одреден тираж за збогатување на книжниот фонд на училишните библиотеки. Значи тоа може да доведе до преферирање на одреден автор на некоја издавачка куќа, бидејќи како што е кажано во ставот 3 дека Министерството може да го помага издавањето на стручна литература, повторно немаме критериуми. Во кој случај тоа може Министерството да го прави? Значи мора јасно да биде кажано, повторно да не оставаме простор за манипулација.

Понатаму, член 15 во ставот 3 алинеја 1 се зборува дека учебникот се повлекува од употреба, ако тоа го бара авторот. Навистина, како е можно еден учебник кој што е одобрен од Министерството, само по лично барање на авторот, истиот да биде повлечен од употреба. Значи ако е согласноста за печатење и употреба на еден учебник, само даден од страна на авторот, без никакво учество на државата, односно на Министерството за образование, тогаш апсолутно има право авторот во секој момент да каже, јас го повлекувам учебникот. Меѓутоа, вака како што е дадено ако тоа го бара авторот да се повлече учебникот, навистина е многу несериозно тоа решение.

Понатаму во ставот 3 алинеја 2 се вели ако се повлекува учебникот ако не е одобрен во согласност со одредбите на овој закон. Навистина, не знам што значи оваа алинеја. Еден учебник не може да биде одобрен за учебник, да биде применуван во образованието, доколку не биде одобрен од Министерството. Или пак се мисли на ретроактивно важење на законот. Ако е така, ако законите можат ретроактивно да важат треба сега да отвориме посебна расправа и за овој дел, во кој случај и како ќе важат одредбите на овој закон.

Членот 16 став 1 од овој закон гласи: дека автор на учебник може да биде лице со високо образование, магистер или доктор на науки од областа за која е наменет учебникот, доколку со овој закон поинаку не е уредено. Јас не видов со овој закон поинаку да е уредено, односно да биде кажано и за да биде наместо оваа формулација за која што досега зборував, треба да стои дека автор на учебник може да биде лице со високо образование, магистер или доктор на науки од областа за која е наменет учебникот. Ова решение како што е дадено, треба да се каже дека автор на учебник може да биде лице со најмалку високо образование, од областа за која што е наменет учебникот. Треба да се дообјасни што се мисли под тоа, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Во ставот 2 од членот 16 се зборува дека авторот на учебникот е одговорен за содржината и дидактичкото оформување на учебникот. Еден учебник или се одобрува или не се одобрува. Ако веќе се одобрува, тогаш веќе одговорноста ја сносат сите оние кои што учествувале во целата постапка на одобрување, заедно со авторот. Затоа овој став сметаме дека треба да се избрише, бидејќи навистина, нема смисла.

Предлагаме членот 17 целосно да се избрише, бидејќи убедени сме дека со него се постигнува дискриминација на една поголема категорија на граѓани, што е навистина, против уставно, со оглед на тоа што колешката Грковска кажуваше дека најголем број од овие луѓе се вклучени и се причинители за создавање на каосот, меѓутоа, во образованието на притисоците во училиштата, меѓутоа, сметаме дека со оваа формулација вработен во Педагошка служба, во Бирото, во Управата за развој и унапредување на образованието, на јазиците на припадниците на заедниците, во Државниот просветен инспекторат, не можат да бидат автори на учебници. Значи, една поширока група на луѓе се исклучува од можноста да направи квалитетен учебник, ако земеме дека во овие институции се токму луѓето кои што можат да придонесат, навистина да се изработи еден сериозен учебник, тогаш ќе остане токму како што кажаа претходно колегите, аматери да изготвуваат учебници. Значи сите оние кои што се компетентни и кои што се вклучени во овие институции, дури да не можат воопшто да дадат придонес во концепирањето на солидни учебници во образованието.

Понатаму се вели дека вработен во органите од став 1 и 2, како и член на неговото семејство, не можат да бидат ниту издавачи на учебници, дури и браќата и сестрите, нивните членови на семејството, родителите итн, да не зборуваме за брачниот другар и децата. Значи премногу широк опфат на луѓе и со тоа се прави типична дискриминација на огромен број на граѓани кои што се поврзани во образованието, кои што потпаѓаат под овој член 17.

Член 19 би требало да се вметне помеѓу членот 7 и членот 8, со што би се преименувал во член 7-а за да биде посистематизиран законот.

Членот 20, каде што се зборува дека ако во текот на постапката за одобрување на учебници настане спор во однос на авторските права, решението за одобрување на учебници ќе се донесе откако ќе се реши спорот и веќе имаме став 2, каде што се вели дека ако се менува, односно дополнува помалку од 20% од содржината на учебникот, пред истекот на рокот за кој е одобрен, авторот е должен за тоа да го извести Министерството.

Мислам дека овој член ќе создаде забуна. Прво процентуалниот износ од 20% е многу релативен и никогаш не може точно да се утврди, дали токму 20%, како што кажа и претседателката на Комисијата за образование, дали токму и 20% е најсреќно избраниот процент, за да може да се менува пред истекот на рокот, односно дополнува учебникот и дека авторот за тоа е должен да го извести Министерството.

Сметаме дека вака како што е дадено се отвора повторно простор за злоупотреби и мислиме дека треба да се конкретизира, да се најде подруго решение.

Во членот 23 се зборува за тоа дека министерот, авторот и издавачот на учебникот, потпишува договор за издавање на одобрените учебници, во кои се утврдуваат меѓусебните права и обврски. Навистина, не ја гледаме смислата зошто министерот, заедно со издавачот и авторот мора да потпише договор и кои права и обврски тие би ги утврдиле, односно регулирале со овој договор. Доколку колешката смета дека е потребен овој член, тогаш треба јасно да се прецизира кои права и обврски треба да се утврдат со овој договор и зошто министерот, со издавачот и авторот потпишува ваков договор.

Членот 25 сметаме дека е целосно контрадикторен. Имено, во членот 22 став 1, алинеја 2 се вели дека печатењето и достапноста на еден учебник треба да биде најдоцна еден месец пред започнување на учебната година. А во членот 25 се вели дека Министерството издава каталог на одобрени

учебници и тоа најдоцна до крајот на март во тековната година. Навистина не знаеме која е релацијата меѓу овие две временски рамки и кога веќе се издава каталог на одобрени учебници до крајот на март во тековната година, но претходно треба да биде завршена целокупната постапка за се, да биде навистина отпечатен, да знаеме навистина дека од овој каталог тие учебници ќе бидат на располагање на образованието. Значи и овде треба да се подразмисли да се усогласат овие два члена.

Со членот 26 сметаме дека се навлегува во Законот за основно и средно образование и мислиме дека на овој член не му е местото во овој закон.

Со членот 29 и членот 30, навистина не знаеме дали се сака да му се даде ретроактивно дејство на овој закон и доколку е така, навистина, сериозно да се види дали има смисла тоа и како што беше спомнато од колешката Милка, навистина во овој закон недостасуваат казнени одредби и во наредната фаза на законот треба да се поработи и во овој дел, се со цел, навистина, да имаме еден комплетен закон кој што нема да отвори простор за институционално манипулирање, не само со учебниците, туку и со авторите на учебниците, издавачките куќи. Значи сметаме дека потреба од донесување на закон цениме дека има, меѓутоа, со овие сериозни забелешки, се во прилог на подобрување на законскиот текст.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева го поддржавте законот, ама член по член сите треба да се изменат.

Сега имаме уште две минути до пауза. Госпоѓице Грковска имате реплика или збор.

**Славица Грковска:** Збор.

**Слободан Најдовски:** Тогаш имаме уште две минути да завршиме, потоа ќе дадам пауза.

**Славица Грковска:** Госпоѓа Бонева благодарам за забелешките. Мислев дека после моето прво излегување нема да има потреба повторно да излегувам, меѓутоа, морам да признаам дека ме испровociравте околу коментарот на членот 17, кој вели дека вработен во Педагошката служба, Бирото, Управата за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, не можат да бидат автори на учебници, а членовите на неговото семејство не можат да бидат издавачи на учебници.

Значи уште еднаш да повторам дека Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на дел од советниците во Бирото за развој на образованието на 9 октомври 2003 година се произнесе по овие измени на законот, кои што беа предложени и усвоени од страна на Собранието дека нема основа за покренување на иницијатива и нема кршење на Уставот. А само Уставниот суд е тој кој што може да каже дали некои закони се уставни или неуставни, така да, таква формулација дека овој член е неуставен не можам да прифатам, со оглед на тоа што Уставниот суд веќе се произнел за неа.

И околу казнените одредби, ако некој смета дека е толку важно, и јас исто така мислам дека се многу важни казнените одредби, меѓутоа, во оваа фаза ние разговараме за потреба за донесување на ваков закон, а во втората фаза ќе бидат вградени казнени одредби, дел од нив бидејќи се парични, мора да се направат во консултација со Министерството за правда, вие тоа го знаете како пратеник во ова Собрание.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Славица Станковска

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Иако предлагачот на законот не е тука, ќе се обидам нешто да кажам во функција на овој закон. На почетокот ја поздравувам иницијативата на колешката Грковска за донесување на закон за учебници во основното и средното образование. Впрочем, потреба за носење на овој закон беше искажана и во расправата што ја водеа моите колеги до сега и исто така во делот на расправата по текстот од колегите беа кажани многу сугестии и забелешки во функција на подобрување на законот.

Во оваа фаза мислам дека треба да се согласиме околу потребата за донесување на овој закон, а во следните фази ќе имаме можност да дискутираме и по текстот на законот и да интервенираме во одредени одредби.

Се согласувам дека постојната законска регулатива со која се уредува учебникарската дејност во основното и средното образование, но и дистрибуцијата во високото образование не може да го спречи хаосот кој владее во конкурирањето за некои учебници преку издавањето, препораките и дистрибуција на истите. Неспорен е фактот дека во сите фази сврзани со оваа дејност постои конфликт на интереси и повеќе субјекти кои се вклучени во овој процес ја злоупотребуваат службената функција.

Се предлага законот да оди во нормална процедура, а со тоа се дава можност во општите расправи и во расправа на парламентарната седница, со укажувања и прифаќање од страна на предлагачот, да

дојдеме до еден оптимален текст кој ќе ја регулира оваа област.

Ќе го поддржам Предлогот за донесување на законот за учебниците за основното и средното образование се со цел состојбите кои се присутни во оваа дејност, а се на штета на образовниот процес на сите нивоа да се надмине.

Се надевам дека во следната фаза и самиот предлагач од укажаните сугестии и забелешките од расправите ќе предложи многу подобри решенија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски;

Повелете господине Анастасовски;

**Иван Анастасовски:** Почитуван господине потпретседателе, колеги пратеници, за жал, не го гледам предлагачот на законот овде во сала,

На почетокот сакам да констатирам две работи. Прво, ми изгледа дека предлагачот се има добро подготвено за денешната пленарна седница, од една страна и исто така, од друга страна, на предлагачот треба да му се оддаде големо признание за она што како пратеник ги искористил сите механизми кои ги има на располагање. Дали се големи или мали, за тоа не расправаме, но предлагачот направил еден обемен закон - еве го предлагачот, ќе го замолам да седне на своето место. Значи предлагачот седнал и навистина направил еден обемен и квалитетен закон со кој сака да стави ред во хаосот, како што рече самата, што во моментот го имаме во поглед на издавањето учебници или учебникарството. Од една страна, за прв пат во Република Македонија имаме заокружување на една материја која е поврзана со образованието, а во исто време и средното и основното образование да ги ставиме заедно под една капа и да ги разгледуваме како такви на пленарна седница. Зошто ова го говорам? До сега праксата во Република Македонија била посебно да се донесува законот за основно образование, посебно законот за средното образование и секој во својот домен си ги регулирал овие права и обврски, така што за прв пат предлагачот успева под една капа да обедини една материја, односно да ги обедини и основното и средното образование и да можеме на крајот навистина да ставиме ред во она што се нарекува хаос во учебникарството.

Бидејќи предлагачот на законот имаше исцрпно образложение, јас би сакал да слушнам кои се примерите од другите држави, државите членки на Европската унија или оние аспиранти за членство или земјите од нашето опкружување, кои на некој начин го имаат регулирано ова прашање. Ако е тоа така, добро е предлагачот тоа да ни го предочи, а сигурно ги има искористено таквите примери за да ги прилагоди на нашиот амбиент и нашите потреби, за да го достави ова квалитетно законско решение во прва фаза, како што впрочем слушнавме од предлагачот. Ако сака предлагачот, за тоа би барал да даде некое дополнително објаснување.

Од друга страна, она што е симптоматично е во членот 3, каде што се говори дека учебникот се изработува согласно наставните планови и програми за соодветно одделение. Три години наназад кога расправавме за проблемите во образованието, сосема одговорно тврдам дека наставните планови и програми во Република Македонија не се онака како што треба да бидат за едно квалитетно образование кое треба да го има Република Македонија. Навистина се наметнува и потребата за квалитетни промени во нашите наставни планови и програми за основно и средно образование, а со самото тоа тука ќе се вклопи и законот што е на денешниот дневен ред. Сето тоа одлучно би го поврзал со работата и функционирањето на Бирото за развој на образованието, што и почитуваниот автор на законот го спомнува во самиот текст на законот, а јас како пратеник имав одредени иницијативи до Бирото за развој на образованието, од каде што немам никаква повратна информација. Затоа, можам да си земам за право да коментирам дека навистина Бирото за развој на образованието не си ја врши својата функција и улога, за која има надлежност во Министерството за образование и наука. Тука треба да се направат одредени промени. Верувам предлагачот тоа ќе го има на ум.

Во членот 4 предлагачот кажува за советот кој треба да се формира по предлог на Педагошката служба и на крајот целиот совет треба да биде именуван од министерот. Дали тука бројката 13 е конечна или се остава простор таа бројка да се зголеми или намали за некој член, за тоа треба дополнително да размисли предлагачот, затоа што бројката 13 дали секогаш ќе го даде она потребното за кое треба истиот совет да расправа, дали таа бројка може да се намали за два или четири члена за да може да има некоја поефикасна работа во тој совет и секогаш да може да има кворум за функционирањето на еден таков кворум, што многу често знае да биде на работ. Не навлегувам во составот на тој совет, со законот тоа е добро кажано.

Понатаму, во членот 5 став 2 се вели дека учебникот не смее да содржи рекламни пораки и огласи. И јас имам издадено два учебника за високо образование, не знам дека некој учебник содржи огласи, меѓутоа учебникот да содржи рекламни пораки според мене е прифатливо. Јас го коментирам ова од мој аспект, бидејќи знаеме како до сега кај нас се печателе учебници. Секој оној кој ќе се нафати на една таква работа бара одредени спонзорства и тоа не е тајна и на тие спонзорства единствено што

може да им излезе во пресрет е да ги имплементира во самиот учебник, а тоа ќе биде некој вид статисфакција за тие што помогнале во изготвување на тој учебник. Од тука би било добро предлагачот да размисли, тоа е како една моја сугестија.

Во членот 8 ставот 2 каде што се вели дека авторот што учествува на конкурсот задолжително приложува..., сега во алинеја 3 стои "друг носител на информации". Тука се наведени дискета, компакт диск и друго. Сега под дискета ако се мисли на диск или дискета како флопи од информатичка природа, мислам дека флопи дискот како таков веќе е исфрлен, барем во модерното време, од употреба. Тука се јавуваат нови облици како што се УСБ, Блутут и не знам кои други кои се навистина модерни и практично применливи, дали е можно таквите облици во информатиката, односно за користење да се најдат и во овој текст на законот, ваму каде што јас посочив. За тоа едноставно да размисли предлагачот на законот.

Од друга страна, во истиот тој член во ставот 4 под г) се вели дека се прават три рецензии на учебникот, веројатно од тројца, од кои едниот да биде универзитетски професор и другите двајца се еминентни наставници од средното или основното образование. Сега тука ќе прокоментирам на начин на кој јас како универзитетски професор имав прилика да бидам рецензент на одреден учебник од основно образование, каде верувајте, на некоја пријателска база станав рецензент. Тоа се однесуваше на областа која јас ја предавам на мојот матичен факултет. Го направив тоа можеби баш на пријателска база. Знам, знае и предлагачот што значи да се биде рецензент на еден учебник да му се даде последната виза за тој учебник. Од тој аспект станав рецензент и за тоа добив некој надомест од 2000 денари и најискрено се почувствував навреден. Некој мојот труд кој треба да го валоризира внатре во конечната верзија на еден учебник, кој ќе им служи на идните генерации, да ми го вреднува мене или на друг член кој треба да биде во таа рецензентска комисија на таков мизерен, да се изразам малку повулгарно, начин. Тука би молел, од една страна, кога се говори за универзитетскиот професор, дали може внатре да се прецизира дека професорот треба да биде од онаа област за која е наменет учебникот. Тука да не биде јас да бидам рецензент на некој учебник по географија, за што немам некои големи познавања.

Верувам дека навистина и со овој закон ќе се покаже или ќе се искорени она што значи конфликт на интереси, за кој од Советот на Европа и од релевантни меѓународни институции сме критикувани. Со ова ќе се надмине она што го вели предлагачот, хаосот во овој дел. Јас ја охрабрувам и понатаму предлагачот да работи на овој проект, за што има целосна поддршка и како пратеник и како член на Комисијата на Собранието до крај да го затвори овој законски проект.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Реплика за госпоѓа Млка Митковска.

Повелете госпоѓо Милка.

**Милка Митковска:** Господинот претходен дискутант дискутираше за законот за учебникарство, меѓутоа употреби погрешни термини, закон за образование и заедно, закон за образование за средно и за основно образование. Кога станува збор за закон за образование, тие се донесуваат посебно како закон за образование на основното образование, како закон за средното образование и како закон за високото образование. Меѓутоа, кога станува збор за учебникарството, постапката за издавање на учебници дали ќе биде за основно или средно образование е апсолутно иста. Ние дискутираме за Предлог за донесување на закон за учебници, а не за образование.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Една минута контра реплика за господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

И простувам на колешката бидејќи е нова. Има стенографски белешки, таа ќе може после да ги побара и да види дека јас реков дека за прв пат после толку години одделно ги гледаме законите за основно и средно образование и сите измени и дополнувања беа одделно, сега за прв пат се наоѓа една форма во една компилација заедно имаме прилика да дебатираме и во однос на основното и во однос на средното образование. Од друга страна, навистина и е простено на колешката.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Има збр пратеникот Ванчо Стаменков.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Овој закон е од колешка пратеник и уште една иницијатива од пратениците по која нема мислење од Владата. Јас мислам понатаму и да не бараме мислење од Владата бидејќи не дава, туку вака директно во Парламентот да ги разгледуваме законит. Јас сакам да и честитам на пратеничката што вложила труд, знаеме какви услови владеат во Собранието и кои беа можностите ние како пратеници да работиме, така што овој труд уште повеќе добива на тежина.

Ќе го поддржам донесувањето на овој закон не само заради тоа што е предложен од пратеник, туку заради тоа што регулира една материја која е крајно време да се регулираво државата. Оваа материја сега за сега е опфатена во Законот за основно и средно образование, но не е до крај регулирана. Законот е сега во прва фаза на донесување и ќе имаме можности сигурно да го направиме поквалитетен и да добиеме еден квалитетен закон за учебниците. Реков учебниците, заради тоа што ќе се задржам на насловот на законот.

Мислам дека ова треба да биде закон за учебниците во Република Македонија и не треба да се дефинира само основното и средното образование. Ние имаме и високо образование во државата, имаме и над високото образование, постдипломски студии, докторати и тн. За сето тоа ни требаат учебници. Ќе почнам од високот образование. Имаме многу лоша слика за учебниците во високото образование, посебно на некои факултети. Можеби некаде е подобра ситуацијата, но на некои е многу лоша. Така, имаме предмети кои се предаваат со години, а немаме издадени учебници за тие предмети и студентите имаат проблеми околу тоа од каде да учат, па се снаоѓа кој како знае и умее. Затоа, сметам дека учебниците треба да бидат сеопфатна категорија, да не се однесуваат само на овие две фази на образованието, основно и средно образование. Зошто велам така? Тука сакаме да регулираме една материја која ќе придонесе квалитетот на образованието во Република Македонија да го подигнеме на повисоко ниво и да придонесеме нашите млади луѓе кога ќе излезат од тој образовен циклус, од основно, средно или високо образование, навистина да располагаат со знаења кои се соодветни на она што го завршиле. Не може да речеме еден студент на некој факултет - еве, на пример, на Машински факултет кој што јас го завршив, да зборува дека некој предмет научил добро ако за тој предмет воопшто и нема учебник, туку само некои белешки кои ги ископирал или ги набавил некако, со кои се служел без некој ред во учењето и во следењето на таа материја за да ја совлада истата. Тој успеал да прикрпи некое знаење врз основа на кое го положил испитот. Значи уште еден предизвик да се прошириме што повеќе и посебно во високото образование да направиме еден силен чекор, да ги натераме луѓето што предаваат можеби и 20 години на одредени катедри а уште немаат направено учебник по таа материја, да го сторат тоа во најкраток можен рок, односно да им дадеме рокови, инаку, предметот ќе биде укинат од наставната програма. Тоа треба да го регулираме со законот, на тој начин, со конкретни мерки што ќе ги преземеме.

Второ, тука пишува три учебници и  се шири материјата, бидејќи не е нагласено дали е за основното или за средното образование. Ако размислиме малку ќе видиме дека математиката е една. Немаме многу математики, туку една од уште пред 100 години, алгебрата, аритметиката или тригонометријата, геометријата, тоа е тоа, тука нема што да се измисли, тоа е дефинирана материја. Или македонскиот јазик. Не можеме да имаме повеќе учебници, туку еден учебник на ниво на Република Македонија за одреден степен на образование. Дали тоа ќе биде прво, второ, трето, четврто, петто одделение на целата територија на Република Македонија. Исто е и со учебникот по историја. Ние имаме една историја, не можеме да имаме повеќе. Сите тие ќе бидат преведени соодветно на јазикот во зависност за која националност се работи дали е тоа Албански, Турски или некој друг јазик кој се говори во тоа училиште. Нашите училишта станаа трговски пазари каде се пазарат кој учебник ќе биде застапен и ова доведува до проблеми.

Прво, во самата наставна материја која се предава и кај учениците. Не знаат кој учебник да го купат и да се подготват за наредната учебна година. Мораме еднаш за секогаш да кажеме тоа е тој учебник кој ќе се користи во Република Македонија по математика за прво одделение или за петто одделение и да знаат следните генерации дека е тоа тој учебник, квалитетно направен . Добро е регулирана постапката како треба еден учебник да се донесе, низ колку филтри треба да помине. Морам да нагласам дека министерот има премногу дискреционо право има дадено во овој закон. Еве ќе ви спомнам дека скоро секаде се спомнува министерот еве на пример во Советот членот 4. Вели тој е тој кој ја утврдува концепцијата, а по предлог на педагошката служба, сепак министерот ги именува членовите на Советот.

Понатаму ако одиме ќе видиме дека исто така во Комисијата за стручно вреднување на ракописите таа Комисија ја формира министерот. На крајот кога сето тоа ќе се заврши одобрувањето на учебникот пак го врши министерот по негово решение. Во четвртата фаза може да се каже кога учебникот е веќе во употреба министерот е тој кој може да го повлече од употреба. Тука е вметната една точка ако учебникот не е одобрен, но еве да цитирам: "учебникот не е одобрен во согласност со одредбите на овој закон". Тој учебник го одобрил токму министерот. Значи, тој си ја згрешил работата, сега ќе го повлрче заради тоа што не бил одобрен во согласност со овој закон. Мислам дека треба да се испеглаат овие работи и да се одземат дискреционите права на министерот во овој дел, а слободата што се дава, како што реков, околу изборот на учебниците зависи од училиште до училиште, од наставник до наставник, тоа ќе го прекинеме ако имаме еден учебник по еден предмет на територијата на

Република Македонија . Не можеме да имаме повеќе ичебници.

Не знам дали колегата спомна, јас сметам дека посебно треба да ги обработиме како материи основното образование, средното образование, високото образование. Можеби постапката ќе биде иста или до некаде ќе се разликува околу утврдувањето односно самата процедура на постапка на подобрување на еден учебник, но мора да бидат третирани посебно, бидејќи се работи за различен степен на образование.

Видете, основното образование е задолжително образование. Мора секој да го посетува и да го заврши во Република Македонија . Тоа што имаме луѓе без основно образование е проблем што не функционира правната држава. Такви имаме голем процент во државата. Тоа е проблем што ние во нашата држава не си ги спроведуваме законите.

Средното и високото образование се степени кои зависат од личноста дали има такви афинитети да продолжи понатаму.

Со одделувањето на основното образование како посебна група да ги третираме учениците ќе можеме да дадеме можност овие ученици да бидат или партиципирани во одреден дел од страна на државата или целосно бесплатни за учениците. Треба така да ги дефинираме. Тука пишува Министерството за образование и наука утврдува конкурс за максимална цена. Зошто утврдува максимална цена ако не ги плаќа учебниците. Учебниците ги плаќаат граѓаните.

Друга работа колку е таа максимална цена зависи од министерот. Може тој учебник да чини 100 денари, а министерот да рече 300 денари дека вреди и таа да биде цената по која ќе се продаваат. Ако веќе утврдува, тогаш и нека ја плати таа цена и нека ги даде бесплатно учебниците на учениците од основното образование. Кога ќе имаме еден учебник по тие предмети тоа многу лесно ќе се среди затоа што ќе биде многу поефтино и самото издавање на учебниците. Тие учебници ќе бидат по многу ниска цена. Ќе немаме малверзации, ќе немаме проблеми, ќе немаме она што сега се случува, еве како родител , веројатно сите сте го имале тој проблем, кога ќе отидам да купам некоја книга прашуваат од кој автор, а се работи за петто одделение. Имало многу автори, па не се знае од која книга наставничката по тој предмет или наставникот ќе предава. Ќе треба да се чека почетокот на учебната година, па тогаш наставникот да одреди од која книга ќе се учи и да се купи во меѓувреме , но тешко ќе се најде тој учебник и може да се случи месец, два ученикот воопшто да нема учебник по тој предмет.

Тоа е она со кое имаме проблеми и сите сме свесни за таа работа. Еден учебник за цела Република Македонија по одреден предмет, посебно во основното образование.И бесплатни учебници. Ако не можеме целата цена тогаш барем одреден процент да се партиципира од страна на државата. Вака едноставно се направи издавањето на учебниците да биде еден од најкомерцијалните бизниси во Република Македонија. Значи, ако добро стоиш со министерот и ако тој ти протежира учебник во одреден период од одредени луѓе, тој добро ќе се продава и ќе има добра цена.

Кова сме веќе кај цената да кажам дека крајно време е во Република Македонија да ја има на сите учебници. Мораме на се што ќе се издаде во Република Македонија како книга, не само како учебник, да имаме цена. Да се знае колку е цената уште кога ќе излезе од печатницата колку чини таа книга и не може под ни една друга цена да се продава. Тоа мораме да го направиме и можеби треба да го дефинираме во овој закон и јас сум сигурен дека треба да го дефинираме посебно за учебниците, а понатаму треба да направиме измена и на издаваштвото секој издавач во Република Македонија кога ќе излезе одредена книга на книгата да ја пишува цената по која ќе се продава книгата. Како што знаете единствено книгата треба да се купи во книжара, нема друго место на кое можат да се продаваат книги. Книжарниците се места каде треба да се купуваат, никакви учители, наставници, професори не смеат да продаваат книги. Тоа не им е работа.

Тоа се воглавно забелешките.

Членот 14 каде пишува да се партиципира во издавањето на малотиражни учебници, сметам дека не е во ред, тоа е став 1 од член 14, бидејќи или ќе партиципираме или нема да партиципираме. Или во сите или во ниеден учебник. Не можеме да избираме во кој ќе партиципираме во кој нема да партиципираме. Значи, ако некој е пријател со министерот ќе добие партиципација, ако не се знае со него, нема да добие партиципација. Да кажеме 5% партиципираме во таква или онаква литература, дали е учебник или не или 10% и сите ќе добијат по толку затоа што без книги државата тешко ќе ја биде. Мораме да имаме литература, мораме да имаме учебници, мораме да имаме книги. Врз книгите се потпира развојот на државата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Повелете госпоѓо Станковска имате три минути реплика.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе,

Ќе реплицирам само во два дела на дискусијата на колегата.

Во делот за учебници во високото образование можеби ќе се согласам, можеби треба да се размисли за едно ново поглавје. Но, проблематиката за издавање на учебници за

основно и средно образование е слична. Додека во високото образование обврска на професорот е да изготвува учебници и тоа не е спорно. Тука многу поспорен е начинот на кој поодделни универзитетски професори ги продаваат своите учебници на студентите.

Не се согласувам дека е доволен само еден учебник заради тоа што нема ништо ново да се каже во математиката, македонскиот јазик, хемијата и други научни дисциплини. Многу е битен пристапот и хронологијата кон третирање на некоја материја и не е небитно дали истиот ќе биде графички обликуван, дали ќе биде лекториран итн.

Од европските земји кои ги имам консултирано скоро да не постои земја, а и пошироко во која се употребува само еден учебник од одредена област. Постојат повеќе учебници и потребата од тие учебници на некој начин се провејува преку образовните институции и најквалитетните учебници остануваат на пазарот, додека оние кои се помалку квалитетни и помалку применливи за учениците не се применуваат.

Проблемот кај нас можеби не е толку во лошите учебници колку во начинот во кој се дистрибуираат преку одредени професори, преку донации и на процент итн.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за учебниците за основното и средното образование.

2.Предлагачот на законот пратеникот Славица Грковска да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за учебниците за основното и средното образование при што да ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

3.Овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачот на овој закон пратеникот Славица Грковска.

Пред да го ставиме заклучокот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата. Со оглед натоа што дел од пратениците се на средба со делегацијата од Хрватскиот сабор која е во посета на Македонскиот парламент, да видиме дали сега можеме да обезбедиме кворум или ќе објавиме пауза до 16,00 часот кога завршува средбата помеѓу парламентарните делегации.

Молам да се утврди точниот број на присутни во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Нема доволен број.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои се во Собранието, а не се во салата да влезат и да преминеме на гласање.

Со оглед на тоа што имаме десетина-дванаесет пратеници кои се на разговори со делегацијата од Хрватскиот сабор, по Програмата, таму се членовите на Законодавно-правна комисија, објавувам пауза до 16,05 часот.

Продолжуваме во 16,05 часот.

Седницата прекина во 15,45 часот.

(по паузата седницата продолжи во 16,10 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа. Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Пред да ја дадам паузата го прочитав заклучокот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 61 за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 26 - Предлог за донесување на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.**

Предлогот за донесување на законот и извештите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници,

Ја користам оваа можност накратко да ја образложам потребата и причините за донесување на законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, состојбата во оваа област како и очекувањата и целта што треба да се постигнат со неговото донесување. Постојниот закон за семенски и саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сортата е релативно нов закон што е донесен во текот на 2000-та година. И покрај тоа што се работи за релативно нов закон сметаме дека е оправдано донесувањето на нов закон од оваа област, затоа што при практичната примена на

постојниот закон се наиде на некои нејасни и контрадикторни одредби во него, заради што од одделни правни лица беше поведена и постапка за оценување на уставноста и законитоста на некои членови од овој закон пред Уставниот суд на Република Македонија. Постојниот закон не е усогласен и со барањата на директивите на ЕУ. Од практична примена одлучивме оваа област да се регулира со два нови закони и тоа Законот за семе и саден материјал од земјоделски растенија кој што денеска е на дневен ред и Закон за заштита на новите сорти кој што ќе биде на дневен ред на една од наредните седници. Основна причина за донесување на овој закон е и усогласувањето со одредбите кои се однесуваат на семето и садниот материјал донесени од членките на Европската заедница, односно да се пренесат во нашето национално законодавство, да се прифатат униформни критериуми и минимални предуслови кои можат на заедничкиот европски пазар за производство, доработка, трговија, увоз и извоз на семенски саден материјал. Резултатите во земјоделството во голема мерка зависат од употребата на соодветен семенски и саден материјал доколку тој претходно е официјално испитан и сертифициран согласно изградениот систем на правила кои се применуваат во европските заедници. Причините заради кои треба да се донесе овој закон се и почитувањето на општоприфатените норми на правото содржани во европските документи: слобода на пазарот, трговија со семенски и саден материјал без пазарно ограничување, еднаква положба на домашните и странските правни лица во исполнување на условите за стопанисување и друго. Сметаме дека со текстот на овој Предлог на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ќе успееме да ги отстраниме недостатоците од постојниот закон и да го усогласиме со погоре наведените директиви на ЕУ и што е важно целокупниот процес на семепроизводството да биде под контрола на стручно овластени институции. Во законот се предвидени исклучоци во поглед на исполнување на условите за производство и трговијата на семенскиот и саден материјал, но овие исклучоци се децидно одредени. За да може овој закон да се примени во практиката потребно е во најкраток можен рок да се донесат потребните подзаконски акти кои произлегуваат од самиот закон. Во најскоро време ќе се подготви и донесе и новиот закон за заштита на новите сорти на земјоделските растенија со што ќе се покрие целата оваа област со потребните законски прописи. За изработка на овој закон активно се вклучени сите научни институции, односно работници од Република Македонија како и научни експерти.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници. Република Македонија има поволни услови како почвени, така и климатски за производство на семе и саден материјал од земјоделски растенија, но за жал овие услови се недоволно искористени. Резултатите во земјоделството во голема мерка зависат од употребата на соодветен семенски и саден материјал доколку тој официјално биде испитан и сертифициран. Најголем дел од потребите од сертифициран семенски и саден материјал се обезбедува од увоз, а само кај тутунот и кај афионот имаме обезбедено 100% семе од домашно производство. Засега со лозов саден материјал од домашно производство се задоволуваат некаде околу 10% од потребите, но ако почне да работи со полн капацитет Центарот за лозов саден материјал во Кавадарци, тогаш би можеле да ги задоволиме 100% потребите. Затоа треба да се ангажираме овој центар да почне да функционира за да бидат задоволени навистина оние потреби кои нас ни се навистина потребни, а не да го земаме од странство, пред се од Италија. Исто така, во Република Македонија нема официјална лабораторија за испитување на квалитетот на својствата на семенскиот и на садниот материјал акредитирани од страна на меѓународната организација за испитување на квалитетот на семето. Оваа област како што веќе и слушнавме од заменик министрот е регулирана со Законот од 2000-та година, но во пракса се покажа како недоволна и неадекватна регулација, затоа што не беше усогласена со барањата и директивите на ЕУ.

Според мене се работи за доста солиден Предлог за донесување закон, посебно член 27 каде се уредува трговијата на увозен семенски и саден материјал подвидови на земјоделски растенија. Исто така, солидни се членот 40 и членот 56, односно испитување на сортата во однос на различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата како и нејзината вредност за производство и употреба. Тоа е член 40. И последни испитувања на сортите член 36.

Една од забелешките е член 24 односно официјално препакување. Мене повеќе ме плаши она второто, неофицијалното препакување бидејќи секогаш постои во пракса опасност од злоупотреба при препакувањето на сметка на квалитетот и квантитетот на семенскиот материјал. Тоа доаѓа од таму што финансиската корист е навистина огромна. Ќе се послужам со еден пример. На пример една израелска сорта пиперки и домати, илјада семки чинат некаде околу 80 евра, 10 грама чинат 240 евра. Значи, 1 килограм би чинел некаде околу 24 илјади евра. Ако при препакувањето ставиме само 10% старо семе и 'ртливоста ја намалиме за 80%, тогаш земјоделскиот производител ретко реагира, или пак ако реагира нема многу корист, а ќе

добиеме чиста корист на она што го продава околу 2400 евра. Значи, во овој случај нема потреба и од маржа.

Обештетувањето кај земјоделските производители кога родот не е адекватен на сертификувано семе обично е во вредност на купеното семе, а по правило треба да биде на количина на планирано производство од тој семенски материјал. Но, за среќа понекогаш имаме и позитивни изненадувања. Тоа беше примерот пред 4, 5 години кога една холандска фирма адекватно ги обештети земјоделските производи на домати во гевгелиско-богданскиот регион заради неадекватна сорта на семе за домати при што клучен момент беше оригиналното пакување на семенскиот материјал. Ако не беше во оригинално пакување, јас се прашувам дали овие земјоделци ќе беа така добро обештетени. Затоа, препакувањето треба да се сведе на минимум, а за некои сорти семе и да се забрани, а да се увезува во оригинална опаковка со различна грамажа. Исто така, моја забелешка е и во самиот Предлог за донесување на закон има премногу исклучоци. Посебно сериозен е исклучокот на член 11 кога за тековната година нема на располагање доволна количина на семенски материјал, тогаш на барање на снабдувачот да се дозволи привремено, а најмалку за една година трговија со количина на семенски материјал од сорти кои не ги исполнуваат условите за квалитет. Затоа, на време треба да планираме да има доволно семенски материјал кој одговара на квалитетот и е запишан во националната листа. Без квалитетно семе и сите други услови да се оптимални, ќе немаме квалитетно земјоделско производство. Стремежот на Република Македонија во однос на земјоделството е квалитетно органско земјоделско производство барано на сите пазари во Европа. Условите ги имаме и треба да ги искористиме.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Борче Петковски.

**Борче Петковски:** Благодарам господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Само накратко во врска со законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија. Резултатите во земјоделското производство во голема мера зависат од употребата на соодветен семенски и саден материјал кој е официјално испитан и сертифициран со одредени стандарди кои во основа ќе гарантираат квалитет и добар род. Сите ние викаме дека стандардите на ЕУ се високи, но и сите посакуваме нашите приноси во земјоделието да бидат на ниво на земјите членки на ЕУ. Затоа во старт ни треба и квалитетен семенски и саден материјал. Потребата од донесување на нов закон кој ќе ја регулира оваа материјал не е само тоа што постојниот закон има доста недоречености и контрадикторности, туку многу побитно е тоа што има потреба од усогласување на нашето законодавство со законодавството на земјите членки на ЕУ, со што се прифаќаат униформни критериуми и минимални предуслови кои важат на европскиот пазар во производството, маркетингот, увозот, и извозот на семенски и саден материјал.

Предлог законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија во голема мера е усогласен со директивите на ЕУ и што е битно производството и трговијата се под контрола на надлежните институции, значи на надлежните инспекциски служби. Мора да се каже за да биде контролата комплетна, недостасува една карика во целиот ланец на контрола, а тоа е постоење на една референтна лабораторија за испитување на квалитетот, за квалитетните својства на семенскиот и саден материјал за кое што имаме информација дека е во основање, меѓутоа до нејзиното профункционирање заради екипираноста, заради стручниот кадар кој што треба да работи ќе помине повеќе време. Во законот се предвидени и одредени исклучоци кои предлагачот ги крстил како специфични за Република Македонија. Мене лично ми смета тоа што постојат исклучоци и во делот од Законот кој што го регулира увозот на семенски и саден материјал. И самиот предлагач во образложението кажува дека Република Македонија со сертифицирано семе, значи со квалитетно семе и саден материјал од домашно производство 90% ги задоволува потребите за ориз и 100% за тутун и афион, а се друго во помала, или поголема мера зависи од увоз. Бидејќи тоа е така, тогаш во делот од законот кој што се однесува на увозот, не гледам ниедна причина зошто комплетно не е усогласен со законските прописи кои што важат во земјите членки на ЕУ кои што гарантираат дека имаат високи стандарди. Ако комплетно зависиме во сите култури од увозот, тогаш логично е и ние да бараме при увоз да важат стандардите кои што важат во земјите членки на ЕУ, на било кој пазар, било на пазарот на ЕУ, или од трети земји може да се најде семенски и саден материјал со различен квалитет. И не е воопшто проблемот што тие ќе ни испратат нас. Проблем е што ние ќе дозволиме да влезе во нашата земја. На тој начин ќе не оценуваат дали знаеме да препознаеме што е квалитет и дали знаеме да се цениме самите себе, па по тоа и ќе не ценат и тие. Или што би рекол нашиот земјоделец, по тоа што ќе ни продадат, ќе ни го мерат и умот. Затоа сметам дека комплетно во делот на Законот кој што го третира увозот на семенски и саден материјал ќе мора да важат и стандардите кои што важат во земјите членки на ЕУ.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Комисијата за земјоделство шумарство и водостопанство едногласно го поддржа Предлогот за донесување на закон за семенски и саден материјал. Јас ќе се обидам накратко да образложам од кои причини ние тоа го направивме едногласно независно од нашата политичка припадност и припадноста кон позиција, или опозиција во македонскиот Парламент. Најнапред би сакал да кажам дека овој е еден од клучните закони кој што директно влијае како на учеството на земјоделството во бруто општествениот производ, така и директно влијае на состојбата на трговскиот биланс и билансот на плаќање на Република Македонија со странство.

Во делот на она што претставува чекорење на нашата земја кон ЕУ, ова е еден од четирите клучни елементи кои што мора да ги исполниме, ако сакаме да станеме земја кандидат членка на ЕУ. Воопшто целиот проблем на фитосанитарната контрола, семето и садниот материјал, размножувањето и производството на домашни сорти и хибриди претставува една многу сложена, би рекол еден многу сложен систем кој што ја покажува спремноста на земјата за да има синтеза помеѓу науката, стопанството, организираното стопанство, производството и она што претставува пред се носител на сите активности индивидуалниот земјоделец. Во таа насока во 2000-та година се направи обид Република Македонија дел од своите прописи, својата легислатива да ја хармонизира со легислативата на ЕУ, иако тоа е многу динамична законска, би рекол норматива која што варира заради борбата на сите земји во светот против генетските модифицирани организми.

Научните достигнувања во оваа област се катадневни и борбата за повисок профит, за повисоки приноси доведува до тоа да сите земји членки на Унијата, па и пошироко во светот да имаат проблеми со производство на земјоделски култури, пред се семе и саден материјал кој што се на некој начин класифицираат под поимот генетски модифицирани организми што претставува огромен проблем како за здравјето на растенијата, при консумацијата и за здравјето на луѓето.

Во таа насока овој закон претставува само надградување на законската регулатива од 2000 година и добро е што е поделен во два дела.

-Закон за семенски и саден материјал и

-Вториот дел кој што е многу важен за Република Македонија, а тоа е делот на признавањето и влегувањето во производство на нови домашни и странски сорти и хибриди на земјоделски производи.

Би сакал да потенцирам дека исклучително важно за овој закон е формирањето на државната фито санитарна лабараторија, која што претставува неопходен услов за да можеме ние во делот на она што претставува производство на земјоделски производи да бидеме по урнек на Европската унија. Таа државна фито санитарна лабоараторија ќе биде еден наш исчекор во оваа област, заеднички обид, соработка со земјите во Европската унија преку донација, преку картц програмите, исто така и со наша локална контрибуција да обезбедиме и соодветен стручен кадар и соодветна управа која ќе овозможува во Македонија да се издава меѓународен сертификат и Македонија без никакви проблеми да може да ги извезува своите производи, како што сега тоа го прави, без царина, без такси, без квоти и контигенти да го прави и во делот на сертификацијата.

Основен проблем на модерниот протекционизам е токму лиценцата и меѓународниот сертификат кој што за жал многу наши производители се судираат со овој проблем и трпат огромни штети при повратот на нашите производи кои штонемаат таков сертификат при извозот на земјоделските производи од Република Македонија во Европа.

Во оваа насока главата 3 - трговија на семенски саден материјал мора да се размислува за издавање лиценца од страна на Управата за семе и саден материјал при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој што ќе биде многу строг регулатив што ќе оневозможува недозволено пакување, препакување од причини што Македонија не произведува активни материии, нема хибриди, ниту еден хибрит на било кој земјоделски производ во Република Македонија, имаме само сорти и на таков начин ќе ги спречиме нелегитимните трговци да влијаат штетно.

Прво, врз приносот на земјоделските растенија. Второ, да влијае штетно врз здравјето на луѓето, затоа што морам да кажам и од лично искуство, сум работел во таа област дека имаме многу недозволени трговци со семе и саден материјал кои што несметано си ја обавуваат својата недозволена дејност и притоа се едни од побогатите граѓани во Република Македонија, а нивните фирми се едни од помоќните фирми во Република Македонија.

Од тие причини сметам дека во главата 3 навистина мора да се поработи многу подоследно во делот на подоцнежната фаза. Тоа е делот на правилниците и деловниците каде што лиценцата ќе биде еден инструмент кој што многу строго ќе ги санкционира сите оние кои што на недозволен начин се бават со трговија на семе и саден материјал.

Особено значајнис е главите 8, 9 и 11 каде што конечно е јасно дека во оваа област надлежностите на државните органи, јавните

овластувања, пред се на Управата за семе и саден материјал врз основа на членовите од овој закон, како и надзорот каде што се даваат задачите и овластувањата на Државниот инспекторат за земјоделство и фитосанитарниот инспектор добива на значење улогата на овие јавни служби и на некој начин ќе се постигне баланс помеѓу улогата на државата и улогата на оние кои што се бават со бизнисот во делот на производството по малку, затоа што ние дефакто производство немаме. Она со што може Република Македонија да се гордее, тоа е нашите автохтони сорти "прилеп" и "јака" во тутунското производство, но за тоа има друг закон, за кој што подоцна ќе говорам ако се укаже можност да се укинува таа предност. На таков начин ние сме во ситуација Македонија едноставно да нема македонски хибрид за ниту еден земјоделски производ, а на ваков начин ќе ги стимулираме вториот закон, за кој што говореше заменикот минситер магистар Санде Џамбазоски за воведување и размножување на македонските домашни и странски сорти. Мислам дека тој закон ќе овозможи конечно македонската наука во делот на агрокомплексот, македонските стопанственици и пред се македонските индивидуални призводители заедно со здружени напори конечно да имаме и наш македонски хибрид во повеќе области од агро-културата, овоштарството, лозарството, рано-градинарското производство и на таков начин да дојдеме до она што претставува битен момент-супституција на најмалку 25 милиони евра увозна компонента, девизи што ги плаќаме за увоз на семе и саден материјал.

Второ, да можеме наш домашен семенски материјал да извезуваме, како што е тоа случај сега со расадникот во Трстеник, Кавадарци каде што можеме Република Македонија слободно заедно со Грција, Бугарија, Србија и Црна Гора да биде рамноправна во производството на саден материјал што значи автохтони сорти да извезува не само во соседните земји, туку и во земјите ширум Европа и на таков начин преку овој втор закон кој набрзо ќе биде во процедура, се надевам за кој што ќе дискутираме тука во Парламентот Република Македонија ќе може да ги искористи своите компаративни предности за производство на семенски саден материјал.

Од причините за кои што говорев во образложението јас ќе го подржам овој Предлог за донесување на закон за семенски саден материјал. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собраниеот ќе му достави предлог на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пред да преминеме на гласање, молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците кои што се во просториите на Собранието да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 27 - Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Почитуван потпретседателе, дами и господо пратеници,

Ја користам оваа можност накратко да ја образложам потребата од донесување на закон за тутун и тутунски производи, состојбите во областа, како и причините за донесување, уставниот основ за донесување на овој закон и очекувањата што ќе ги имаме со неговото донесување.

Уставниот основ за донесвување на закон е содржан во член 68 од Уставот на Република Македонија.

Една од причините за донесување на овој закон е и есенцијалната потреба од воведување на прописи со кои ќе се регулира покрај производството и откупот на суровиот тутун и

производството и прометот на ферментиран тутун, производство увоз и извоз на тутунските производи, воведување на регистри на производители, откупувачи, трговци, увозници и извозници на ферментиран тутун и тутунски производи, воведување на регистри, маркици на тутунски производи, следење на употреба на додатоци во тутунските производи, како и контрола на квалитетот на ферментираниот тутун.

Затоа во овој Предлог закон се опфатени правата и обврските на сите субјекти вклучени во тутунското производство, преработка, промет и трговија.

Исто така со овој закон се предлага воведување на основи за контрола на дејноста и прометот, како трговски така од здравствен аспект.

Производството на тутун, а посебно производството на ориенталски и ароматички тутуни има големо значење во економскиот развиток и вкупното стопанство на Република Македонија, бидејки истото претставува притисок, првенствено е извозно ориентирано. Од големо значење е и неговото непосредно учество во националниот доход на државата.

Исто така тутунот како интензивна култура има големо значење и од социјален аспект како во примарното производство, так аи во тутунската индустрија.

Во примарното производство на тутун ангажирани се околу 160 илјади производители, или околу 8% од вкупното население на државата.

Просечното производство на ферментиран тутун се движи годишно од 22 до 26 илјади тони, а на цигари просечното производство во земјата изнесува околу 10 иладји тони. Во тутунската индустрија се вработениоколу 8 илјади работници.

Извозот на ферментираниот тутун ицигари во вредност од 8о до 12 милиони американски долари претставува околу 9,5% од вкупниот годишен извоз од Република Македонија.

Во изминатиот период се покажа неоправдан концептот на подршка на тутунското стопанство преку преземање на неоткупениот тутун од страна на Државното биро за стокови резерви и одвојување на буџетски средства за исплата на тутун кој го договориле несоодветни претпријатија без обезбедени сопствени и банкарски средства.

Поради тоа се налага напуштање на наменското трошење на буџетските средства за откуп на тутунот и тоа е во согласност со Законот за стокови резерви донесен во декември 2004 година. Меѓутоа, државата ќе се залага за воведување на поттикнувачки мерки и финансирање во оваа област преку годишните програми за поттикнување на развојот на земјоделството.

Како причина за донесување на овој закон е и потребата да се подобрат условите за производство и промет на тутун и тутунските производи, да се подобрат условите за пазарно стопанисување во оваа област, во кое ќе стопанисуваат субјекти кои имаат капитал и ќе бидат способни да се вклучат во конкуренцијата во оваа област. Со создавање услови за делување на пазарните законитости и слободата на претприемаштво во оваа обалст, се очекува поголемо ангажирање на странскиот капитал.

Донесувањето на овој закон, се налага и од потребата за усогласување со директивите на европската заедница во следењето на употребата на додатоци во тутунските производи, определување на адитиви кои можат да се употребат, дека цигарите не може да содржат повеќе од определениот процент на катран, никотин, јаглеродоен моноксид, забрана за пуштање во промет на тутунски производи без соодветно пакување, и опомена за штетноста од пушењето.

Донесувањето на едниствен закон, воедно ќе значи и негова поедноставна примена.

Овој предлог за донесување закон е изготвен во соработка со најврвните чинители во тутунските стопанства, претставници од Сојузот на здруженија на тутунопроизводители на Република Македонија, претставници на тутунските компании, научни и образовни институции, како што се Институтот за тутун во Прилеп, Факултетот за храна и земјоделство - Катедра за тутун и други научни институции.

При изготвувањето на законот воедно се имаше предвид мислењето дадено од Синдикатот на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија.

Со оглед дека се работи за прва фаза од донесувањето на законот сигурно дека ќе бидат од големо значење вашите предлози и вашите размислувања за да можеме во рамките на можноста да ги вградиме за втората фаза при донесувањето на овој зкаон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Досегашниот Закон за тутун, односно постоечкиот Закон за тутун и до сега можеме да кажеме оваа област што ја регулираше беше еден солиден закон кој што беше донесен 1996 година, со измени 1998 година. Тој закон го уредуваше производството на тутун, сместувањето, откупот на тутунот, производството на ферментираниот тутун и надзорот и казнените одредби. Меѓутоа, иако во тој закон кој што и ден денес е на сила,

имаме одредби во кои што тутунот е од општ интерес, односно имаме повеќе одредби кои што регулираат државата да го поттикнува производството во регионите и реоните во кои што постојат природни услови за тоа и интервенираше во однос на откупот тогаш кога производителите не по нивна вина не им беше откупен тутунот од откупните претпријатија, не ги покажа потребните резултати, односно не беше постигната целта, не беше изнајден механизам за доволна стимулација на примарното тутунско производство.

Дел од овие причини, а дел и заради усогласување со законодавството на Европската унија на 3 ноември 2003 година од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше предложен предлог за изменување и дополнување на Законот за тутун, во кој закон имаше одредби кои што ќе влијаеа позитивно на оваа област, меѓутоа државата се иззема од сите свои обврски во делот на поттикнувањето на тутунските производители.

Во таа прва фаза Собранието ја усвои потребата од донесување на измени и дополнувања, меѓутоа огромен број на забелешки и предлози кои беа изнесени во дискусијата на Собранието, не беа прифатени во втората фаза, завршна и во тој период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не го прифати конечниот текст на Предлогот на закон за тутун, што едногласно беше прифатени и во согласност со тогашниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство Славко Петров, беше повлечен од собраниска процедура.

Денес пред нас имаме доставено нов предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи изготвен од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Минситерството за економија, и по укажување на собраниската седница во соработка со претставници на Сојузот на сите учесници на тутунското производство, почнувајќи од Здружението на тутунските производители и тутунските комбинати, поголемите, Институт за тутун - Скопје, Факултетот за земјоделски науки и храна, Стопанската комора и други релевантни институции.

Меѓутоа, нешто што го прави овој Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи некомплетен односно нешто без кое што овој закон не би ја постигнал целта, е тоа што во овој Предлог ги нема и недостасуваат неопходните стимулации за примарно производство на тутун т.е. нема ниту еден член кој што се однесува на стимулирање на тутунските производители. Секако дека е позитивно што со овој Предлог се уредуваат севкупните односи помеѓу примарното производство, откупот, сместувањето, обработката на откупениот суров тутун и производството и прометот на тутунските производи односно се уредуваат сите права и обврски на сите учесници во оваа стопанска гранка. Позитивно е и тоа што овој Предлог за донесување на закон оди во прва фаза, како би имале можност да ги искажеме нашите забелешки и да има можност предлагачот да прифати добар дел од нив, за да имаме еден подобар закон во втората фаза. Ако се има предвид дека производството на тутун во Република Македонија битно влијае во однос на надворешно трговската размена односно дека од производтсвото на тутун, од извозот на тутун имаме повеќе од 80 до 100 милиони долари годишен девизен прилив. Ако на тоа се придаде и информацијата која што ја искажа и самиот министер дека во тутунското производство имаме повеќе од 160 илјади работно ангажирани луѓе, каде што не знам дали во некоја друга област имаме толку ангажирани и ако на тоа додадеме дека значително во однос на приходната страна на Буџетот, значи имаме огромен профит и интерес на државата во тутунското производство. И, ако на тоа се додаде дека тутунското производство учествува со над 5% во бруто домашниот производ, несомнено ќе ни стане јасно дека оваа земјоделска култура не можеме да ја третираме како обична земјоделска култура, како и многу други што се третираат и дека мора да имаме посебен закон во кој што, пред се, ќе биде стимулирано нашето тутунско производство, а со тоа и тутунските производители. Само така би успеале да го задржиме или да го зголемиме вкупното годишно производство на тутун во нашата држава, кое што се движи од 25 илјади тони и да го зголемуваме тоа производство.

Во овој период во кој сега се наоѓа Република Македонија, посебно е важно нашата држава да покаже пред Европската унија дека имаме стабилно производство на тутун со одредени количини и дека тоа го задржуваме како што беше и досега односно ние во овој регион сме познати како едни од најголемите производители на тутун по глава на жител. Со тоа можеме слободно да се пофалиме и во овој период да бидеме прифатени во Европската унија како држава, која што го има стабилизирано своето производство и како земја која што досега има најголемо влијание во регионот, во производството. Тоа ни е неопходно потребно, затоа што барем досега нашата држава со тие добри климатски услови кои што ги има, нема друга алтернатива или замена на некоја друга земјоделска култура, со која што нашите земјоделски производители ќе остварат барем сличен приход, а никако не можеме да најдеме култура која што на тие почви ќе има поголем приход.

Во расправата на Собраниската Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство по овој Предлог за донесување на закон, покрај предлагачите на овој закон од наша страна беа

поканети и учествуваа и сите други релевантни институции кои што учествувале во неговото изготвување. Од сите дискусии можеше да се заклучи дека во изготвувањето на овој закон, навистина, биле вклучени сите учесници во оваа област и дека добар дел од нивните предлози биле усогласени и внесени во овој закон.

Меѓутоа, посебно мора да се напомене дека во скоро сите дискусии беше искажано огромно незадоволство од сите тие кои учествувале во изготвувањето на овој закон, дека ако остане овој закон ваков каков што е, неизменет, дека со сигурност во Република Македонија ќе имаме намалување на производството на тутун, затоа што нема, не содржи ниту еден член односно нема одредби кои што се однесуваат за стимулирање на примарното производство.

Од тие причини сите учесници во расправата кои учествуваме во матичната комисија се согласија дека во овој предлог во наредната фаза мора да се внесат измени и дополнувања кои што ќе се однесуваат исклучиво за стимулирање на примарното производство, преку конкретна поддршка за земјоделските производители. Тоа значи дека мораме да имаме членови во законот кои што ќе обезбедуваат, ќе даваат сигурност за конкретна поддршка на примарното производство.

Моите забелешки и предлози по овој Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи во насока на подобрување на овој закон се следните.

Во членот 1 кој што гласи "со овој закон се уредува примарното производство...", сметам дека зборот "примарно", треба да го замениме со "организирано производство", од причини што ако немаме организирано производство на оваа земјоделска култура, како што и немаме организирано производство и немаме закони за некои други земјоделски култури и нема потреба од донесување на овој закон, затоа што ние со донесувањето на овој закон сакаме да го организираме тоа земјоделско производство односно да воспоставиме некои одредени правила и принципи преку донесување на овој закон и преку донесување на подзаконските акти. Со оваа измена нема да имаме некоја дополнителна обврска за државата и не треба да бегаме од таа одговорност и имаме одредена обврска да го избегнуваме организираното производство на тутун во нашата држава.

Во членот 7 каде што стои "подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на еден член од семејството, производител на тутун му издава заверен картон". Според повеќе укажувања на Комисијата и моето мислење е исто, треба да стои обврска на подрачната единица најдоцна до 1 март од тековната година да го издаде тој картон, заверен, за да не се случи, како што се случувало во минатото, нашите тутунски производители да немаат добиено заверен картон и да не се во можност според законот да го склучат договорот со откупувачот односно соодветниот откупувач. Ова се предлага за да има смисла издавањето на заверен картон и за да ја олесниме работата на нашите тутунски производители и да имаат време да склучат соодветен договор со нивните откупувачи.

Во членот 10 мислам дека е потребно да биде предвидена обврска производителот на тутун да го продаде целокупното производство на тутун на откупувачот со кој склучил писмен договор, но во тој случај во истиот член или во нареден треба да предвидиме обврска и откупувачите да се обврзани да го откупат целокупното производство. Значи, имавме различни мислења. Доколку стои производителот, а и треба да стои да го продаде целокупното производство, да стои обврска и откупувачите да го откупат целокупното производство на тутун.

Во членот 13 кој што се однесува на тоа што договорот особено треба да содржи, во првата расправа имавме некои размислувања, па сметам дека не е на одмет да се додаде алинеја која ќе гласи рок, начин и исплата на тутун, за да допрецизираме, за да има откупувачи од обврска на кои начини и во кој рок да биде обврзан во договорот да наведе, а за тоа да се сложи и производителот, да биде исплатено тоа производство. Со тоа би ги заштитиле интересите на производителите.

Во членот 18 сметам дека не се регулирани во целост правата на производителот тогаш кога производителот не по своја вина го раскинува договорот, а неговото производство не е откупено. Не е јасно кажано, нема дефинирани членови и одредби и тука го сакам одговорот на претставникот на предлагачот на овој закон. Оној производител кој што ќе го раскине договорот, не по негова вина, како ќе дејствува понатаму? Дали ќе има друг заверен картон, како да склучи договор со друг откупувач итн. Ништо немаме околу оваа состојба. Ништо не е предвидено и не е регулирано во овој закон.

Во членот 21, кој што се однесува на тоа што откупувачот на тутун треба да исполнува, кои услови треба да ги исполнува и со тоа повеќето во Комисијата се сложивме, сметам дека треба да се додаде нова алинеја која ќе гласи "откупувачот на тутун треба да ги исполнува следните услови" и алинејата што треба да се додаде, отприлика да гласи "да обезбеди финансиски средства за набавка на семе и заштита на расадот од болести". Ова треба да се предложи од причини што и досега, значи со години наназад откупувачот финансираше, обезбедуваше финансии за набавка на семе и заштита на расад од болести. Зошто да се укине таа пракса или да се укине привилегијата на производителот. Ако откупувачот дошол тука, дали домашен или странски, и ако имаме

некоја усталена пракса тие да го набавуваат семето, зошто тоа да биде укинато предлагам да се додаде оваа алинеја.

Понатаму, околу казните и санкциите, заради тоа што имаме предвидено, според мое мислење, мали казни и санкции за откупувачите на тутун кои ќе постапуваат спротивно на одредбите на овој закон. Предлагам да биде внесена одредба која што стоеше во претходниот закон, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да има можност да го одземе одобрението, значи не само со парична казна, тогаш од откупувачот ако тој престане да ги исполнува условите предвидени во овој закон, ако откупува тутун без да има склучено договор, ако откупува тутун надвор од просториите за откуп и слично.

Сметам дека во овој Предлог за донесување на закон треба да најде место и член кој што ќе треба да обезбеди рамноправни услови за сите производители на тутунски производи, домашни или странски и е потребно во овој закон да се внесе и обврската секој производител на цигари доколку сака да произвдува цигари со третман на домашен производител, со домашни давачки да има обврска во производството на цигари да користи домашен македонски ферментиран тутун во соодветен процент. На пример, до 50%, до 60%, како би ги ставиле во рамноправна положба нашите домашни производители на цигари. Такви примери имаме и во законите на соседните земји итн.

Нешто што посебно сакам да го истакнам е дека во овој закон во втората фаза е неопходно потребно да се воведе обврска не само за производителите и не само за увозниците на тутунските производи, туку и за откупувачите на тутун да плаќаат процентуална такса за секоја поединечна кутија цигари или од килограм тутун, доколку тоа се однесува за откупувачите, значи соодветно и со тоа да сме во можност да собереме финансиски средства кои што би се намениле за развој и поттикнување на тутунското производство. Тоа може да се реализира, како и што го реализираат сите наши соседни држави и членките на Европската унија преку посебен фонд или агенција за тутун преку кој што на пример фонд ќе се организира со бирањето и распределбата на средствата кои што се наменети исклучиво за примарните тутунски производители. Во сите наши соседни земји Бугарија, Србија и Црна Гора, Хрватска, Грција и во сите земји членки на Европската унија имаме премии за тутунските производители. Тоа значи дека кај нас во овој закон, мора да има предвидено од каде финансии за да имаме премии на нашите тутунски производители и тоа пред се да бидат ставени нашите тутунски производители во иста положба со тутунските производители од нашите соседни држави, со тутунските производители од страна на Европската унија, за да можеме да бидеме барем во состојба да го задржиме досегашното производство. Значи, не е возможно да нема премии за тутунските производители, а во сите други држави има во нашето опкружување и во Европската унија, а ние да го имаме стабилно тутунското производство. Премиите за тутунските производители мора да бидат предвидени со овој закон ако сакаме преку него да го заштитиме и нашиот интерес како држава, посебно во однос на работното ангажирање на повеќе од 150 илјади луѓе, во зголемувањето на приходот на Буџетот на Република Македонија, во зголемувањето на девизниот прилив итн. Ако нашата држава има огромен профит од тутунското производство, зошто да не се стимулира. Дали е возможно ние да не стимулираме нешто од кое што имаме и вработување и приход. Државата за да може да го заштити својот интерес, а во исто време штитејќи го интересот на тутунските производители, потребно е да се изготви, а ние немаме, долгорочна или среднорочна, барем на десет години, национална стратегија за развој и поттикнување на тутунското производство, користејќи ги притоа идеалните услови што ги имаме за квалитетно тутунско производство и тоа пред се, мораме да напоменеме со соодветните почвено климатски услови, традиционалното знаење и умеење со години наназад на нашиот народ, научните достигнувања што ги имаме во оваа област, искуството на нашите луѓе, обезбедениот пласман итн. Заради тоа што ова е прва фаза и има можност за прифаќање на сите забелешки кои што јас сум убеден дека скоро сите или голем дел од нив ќе одат во оваа насока, мој предлог е овој закон, бидејќи е во прва фаза, да се прифати, затоа што имаме и регулирање на севкупни односи во оваа област на сите учесници, права и обврски има позитивни членови, но со укажување до предлагачите дека со некоја обврска во која што во расправата на Комисијата ја имаше кај сите учесници и кај предлагачите и кај сите други претставници на учесниците во оваа област, во наредната фаза да мораме да имаме членови или одредби кои со сигурност ќе влијаат врз конкретна поддршка на тутунските производители, за да овој закон во втората фаза биде прифатлив и за да ја постигне целта за која што се донесува.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорѓиев.

Има збор господинот Камчев Никала.

Повелете господине Камчев.

**Никола Камчев:** Благодарам потпретседателе, господине заменик министер, колеги пратеници,

Пред нас е Предлог за донесување закон за тутун. Сметам дека тој Предлог за донесување на закон треба да го поддржиме и јас ќе го поддржам сигурно. Меѓутоа, накратко сакам да

се осврнам на некои работи кои треба да ги имаме предвид кога ќе го донесуваме законот. Кога се донесува ваков закон за една култура која во блиско минато беше стратешка култура, јас би рекол не само стратешка, сега тутунот како култура во Македонија е егзистенцијална култура, заради тоа што и предлагачот, заменик министерот рече дека многу преку 160 илјади народ се занимава со садење на тутун итн, и не сакам да ги повторувам тие показатели. Но, јас на еден начин сум уплашен, бидејќи сметам кога за една бивша стратешка култура се донесува закон, тој закон сигурно ќе направи рестрикции во досегашната пракса на одгледување, откуп итн. Македонија како поднебје е место каде што се одгледува тутунот, меѓутоа, во Македонија се одгледуваше и афион, се одгледуваше и памук, се одгледуваше и сончоглед. Загрижен сум, патувајќи секој ден од Радовиш до Скопје и гледајќи ги полињата кои порано кога патував се белееа, се жолтееа или црвенееа и белееа од афион, сега нема ниедна нива посадено од тие тогаш стратешки култури кои беа симбол за Македонија. Меѓутоа, најверојатно, тоа е светски тренд. Ние немаме индустрија, немаме каде да работи нашиот човек, туку се занимава со тутунопроизводство кое му донесува егзистенција. Таму каде што е тутунот, таму е и сиромаштијата. Но и тоа го прифаќаме, за да можеме на некој начин да живееме. Јас потекнувам од едно подрачје каде што се произведуваат и откупуваат цирка пет милиони тони годишно тутун. Ја знам маката на луѓето, знам како изгледа од февруари до наредниот февруари да си постојано на нивата и во контакт со тутунот.

Меѓутоа, тие луѓе се сиромашни. Ги направивме сиромашни заради тоа што немаше регулирани односи и го прифаќавме трендот на рестрикција на производство на тутун, светски тренд, така што на сите берзи за откуп на тутунот, тутунот беше вишок, цените паѓаа, нашето производство, односно трудот на нашиот производител се откупуваше као од државни резерви, меѓутоа сега и со Законот и тоа нема да биде.

Цената на тутунот ќе паѓа и понатаму. Нема да има бенефиции, односно одредени стимулирања на тутунопроизводителите и ние ќе стануваме се повеќе и повеќе подрачје каде што тутунот се помалку и помалку ќе се обработува. Ако не преземеме мерки специфични за Република Македонија, овде со векови и векови наназад се произведувал тутунот, тежок, но сепак егзистенцијален производ.

Заради тоа сметам, дека во новиот закон, во текстот за кој што сега не сакам да зборувам, кога ќе биде предложен, имам одредени забелешки што би ги предложил во наредната фаза или во пошироката расправа, меѓутоа сметам дека тутунот не смееме да го изгубиме од нашите полиња и не смееме на нашиот човек, каде што е ангажиран од седум години до 70 години, каде што нема каде на друго место да заработува, да му го одземеме и тоа, да ја одземеме и таа можност, поради што сметам дека државата, без оглед на светскиот тренд, без оглед на забраната за рекламирање, за пушење, за производство, сите тие рестрикции што се предвидуваат, ние мораме, мораме како држава да преземеме одредени, на крајот и ризици да го обезбедиме сеуште ова, додека не достигнеме економски развој што ќе ни овозможи ова да го прифатиме и од Европската унија и да го прифатиме светскиот тренд.

Јас мислам дека овој Предлог на закон треба да го поддржиме, меѓутоа содржината на законот да биде поинаква.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Дали некој од пријавените во меѓувреме е за реплика?

Госпоѓа Лалчевска Ристана реплика, три минути.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседател.

Мене ме иритираше последната реченица од говорникот. Затоа се јавив за реплика.

Колегата пратеник кажа дека мора да преземеме ризици како држава по однос на тутунот и тутунопроизводството, а претходно истакна дека тој е многу загрижен за производството.

Јас сум, навистина, загрижена, меѓутоа ние како држава презедовме ризик во овој сегмент кога тутунот го тргнавме од стратешките производи. Сега немаме никакво право да им се мешаме на тутунопроизводителите. Нивно е право како и колку ќе произведуваат. Ние прво го тргнавме овој стратешки производ од ингеренциите на државата, а сега ќе им се мешаме на тутунопроизводителите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Една минута контра реплика, пратеникот Камчев Никола.

Повелете господине Камчев.

**Никола Камчев:** Не ја разбрав колешката што сакаше да каже.

Ние го тргнавме ризикот од стратешка култура, меѓутоа јас реков тутунот не е стратешка само култура. Тутунот е егзистенционална култура на овој народ. Заради тоа државата треба да превземе нешто.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Збор има пратеникот Станковска Славица.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благоарам потпретседателе.

Ќе се обидам да дадам скромен придонес во формулирање на текстот на законот за тутун и тутунски производи.

За причините и целите поради кои што се носи овој закон нема да говорам, заради тоа што предлагачот доста добро ги образложи.

Слободата на пазарот и претприемаштвото, согласно Уставот на Република Македонија, налага напуштање на посредништво на државата помеѓу производителот и откупувачот на тутун. Така средствата што државата до сега ги ангажираше за финансирање на тутунот и откуп на тутунот ќе можат наменски да се трошат.

Новина, како што слушнавме во овој закон, претставува напуштање на третманот на тутунот како култура од општ интерес, тоа е согласно Варшавската конвенција, како и Стратегијата за контрола на тутун изготвена од Министерството за здравство.

Мислам дека во целина законот нуди добри решенија за производство и промет на тутун и тутунски производи и истиот ќе го поддржи..

Сега, кратко ќе се задржам само на оние одредби од законот на кои што има конкретни забелешки.

Во членот 7 став 2 се говори "Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на еден член од семејството, производител на тутун, му издава заверен картон за сите катастарски парцели на кои ќе произведува тутун, согласно став 1 на овој член".

Сметам дека е добро да стои рок во кој што се издава заверениот картон.

Членот 21, став 3, да има вработени најмалку едно лице со најмалку високо образование и најмалку едно лице со средно образование од областа на технологијата на производство и обработка на тутун со најмалку две години работно искуство. Мислам дека е доволно една година работно искуство на луѓе кои се стручни за тоа за да во практиката се стекнат со одредени практични знаења.

Член 34 став 2, да располагаат со соодветна лабораторија за анализа и следење на параметри од технолошка обработка, сигурно и тука да има соодветни лица кои се стручни во технологијата за производство на тутун и тутунски производи.

Член 38 став 2, да се додаде "располагаат со соодветен магацински простор, располагаат со опрема за складирање и со соодветен стручен кадар".

Во член 43 став 2, тука да се додаде, вака, "Податоци од став 1 на овој член мора да бидат втиснати на бочна страна на пакување и да покриваат најмалку" не 10, туку "20% на кои се втиснати".

Во член 45 точка 1, тоа што е со болдирани треба не мали, туку со големи букви.

Член 48 точка 1, реков.

Член 60 точка 3, за вршење на дејност производство на тутун, производството трае 90 дена до 180 и ... да одземе тутунски производи доколку утврди дека производителот на тутунски производи врши производство без да ги исполнува условите во член 37 ста 2. Но, тоа не е спорно.

И на крајот, член 65, став 2 "По исклучок на став 1 од овој член правните лица своето работење од одредбите на членовите 43, 45" и тн., а "своето работење да го усогласат во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон". Сметам дека не се потребни две години заради тоа што ако производителот произведува тутунски производи за пазарот за Европската унија, една година ќе биде многу долг период за да го адаптира своето производство. Тоа значи дека ќе мора веднаш да се приспособи кон регулативата во Европската унија. Доколку произведува производи што се надвор од Европската унија и во кои што со закон не е регулирано како да изгледаат тие тутунски производи, тогаш согласно и овој закон немаат обврска тоа да го направат.

Сега сакам да искорегирам и некои грешки. Сигурно се печатни грешки.

Во членот 49, кога станува збор за хемиски супстанци што се составен дел на чадот од цигарата, стои вака "бензин". Не е бензин туку е "бензен" ароматичен јагле免водород.

Стои "форм алдехин". Тоа не е форм алдехин туку е "форм алдехид".

Стои "водоников цијанид" што според номенклатурата усвоена кај нас "цијановодород".

Треба да се дополни со "јаглеродмоноксид".

Соединение, како што е запишано "нитроосамин" такво не постои. Постои нитро со тиролиди, што го има, постои нормален нитро со диметил амин.

И, колеги, не можам а на крај да не го спомнам Законот за заштита од пушењето, чиј рок за стапување на сила беше пролонгиран од предлагачите, со основен мотив дека во тек е изготвување на текстот на законот за тутун и тутунски производи. За жал, можам да констатирам дека единствени допирни точки на овие два закони се околу опаковката на тутунот, на тутунските производи односно на цигарите и тутунските произовди, како и на предупредувањата што се наоѓаат на тие опаковки по здравјето на луѓето.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Не како коментар, туку како одговор на ова, посебно со оглед што сум јас предлагач, она што го кажавте не беше образложение на предлагачите за одлагањето на законот, туку беше во Мислењето што беше од Владата. Тоа е прво.

Второ, не е одложена примената на Законот за заштита од пушењето, туку е одложен само законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушење. Ќе имаме можност, јас како еден од предлагачите, по тој закон ќе дискутирам токму во насока на ова што вие го зборувавте, бидејќи од Владата беше речено дека во овој закон ќе бидат внесени тие измени.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Само уште еднаш сакам да констатирам дека неоправдано беше одлагањето на спомнатиот закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Тоа е ваше лично мислење.

Продолжуваме со работа.

Реплика има госпоѓа Ивановска Лилјана.

Господине Флоровски е јавивте за реплика или за дискусија?

Три минути реплика за госпоѓа Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам.

Колешке Станковска, вие спомнавте за одлагање на законот за забрана на пушење, дека единствениот мотив бил токму овој закон за тутун. Една од причините беше и Законот за тутун, меѓутоа и другите закони што во образложениeто на тој закон што го предлагавте а што не беше усвоен и одложувањето на примената на законот на измените на Законот од пушење, затоа што постои Закон за забрана од пушење, постојниот од 1993 година беше и измени на Законот за здравство, за здравствена заштита и во измени на Законот за безбедност на храна. Не беше единствениот закон што, рековме, ќе го решава тоа прашање системски, а не само низ еден закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Госпоѓо Станковска една минута контра реплика.

Повелете.

**Славица Станковска:** Тоа е точно, но тоа не значи дека во времето додека не се изготват овие законски решенија треба да постои вакум простор што ќе го покрива и овој дел од нашето општествено живеење.

Сакам да ви кажам колешке дека со балкански менталитет не се оди во Европска унија. Не може да селектираме, да прифаќаме она што нам ни одговара, а она што не ни одговара да не го прифаќаме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Добро, ваше мислење.

Продолжуваме понатаму со дискусии.

Збор има пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас ќе се обидам да дадам свој придонес во врска со, според мене, најзначајните закони што ние се определуваме како држава дали сме за европска аграрна стратегија или сеуште ќе останеме на некоја наша автономна аграрна стратегија, што, според мене, не води кон прогрес, туку води кон назадување и не придонесува за подигање на животниот стандард пред се на граѓаните кои живеат од агрокомплексот и околу агрокомплексот.

Прво би трнал од причините што овој закон ги наведува како реперни за да се донесе. Тоа е под а) напуштање на тутунот како добро од општ интерес и под б) афирмација на слободата на пазарот и претприемаштвото, како и избегнување на вмешаноста и ангажираноста на државата во овој пазарен амбиент.

Затоа и почнав така. Ние треба еднаш да проговориме јасно во македонскиот Парламент дека во Европската унија, за што сите говориме, кон која сите се стремиме, сите закони ги хармонизираме во една единствена област има консензус во сите земји на Европската унија за едно прашање, а тоа е прашањето на рбетот на Унијата, а тоа е аграрната земјоделска политика. Значи, таму е многу јасно дека стожерот на Европската унија како економски правен и политички систем не се стремежот кон заеднички пасош, не е заедничката валута или не е усогласувањето на економските политики, туку стожерот е, основата, борбата на Европа со децении сама да си обезбеди доволно храна за своето население, затоа што Европа од Втората светска војна била зависна од увозот на храна и на тој начин инплементацијата на една заедничка европска аграрна стратегија, што следеше веднаш по донесувањето на Договорот за слободна трговија на челик и јаглен помеѓу Франција и Германија, уследи како нешто што е природно и би рекол она што Република Македонија треа да го следи, природно продолжување на традицијата, знаењето, умеењето, достигнатиот вредносен систем на Република Македонија со што таа може да се гордее и споредува во продуктивноста, рентабилноста и економичноста со Европа. За жал, ние можеме да констатираме дека тоа можеме да го правиме само во земјоделието.

Од тука, сметам дека овој закон е прекршна, би рекол има една пресечна точка, дали ние и понатаму ќе продолжиме декларативно да зборуваме, дека се движиме кон Европа, дека сакаме да одиме кон Европската унија, а на клучната поента, каде што Европската унија има консензуална, би рекол, донесена одлука дека 40% од својот буџет го дава за агрокомплексот, ние затвораме очи, ја ведниме главата пред министерот за финансии, немаме одговор зошто не можеме да ја спроведуваме европската аграрна политика на македонско тло, со толку колку што ние можеме како Македонија да издвоиме пари за аграрот и едноставно, возот си врви а Македонија останува на опашката на стандардот на граѓаните, според европските стандарди.

Ова е пресечна точка, некоја тополошка точка во просторот каде што ние треба да видиме дека вака повеќе не може. И овој закон, затоа јас се произнесов и на Комисијата против, мора веднаш да тргне како една патека кон која што ние чекориме, да сфатиме дека не можеме да продолжиме со тој од по теркот што го имаме од 1996 година, кога ги укинавме премиите, субвенциите, регресите, рефакциите во македонскиот аграрен комплекс. Тоа е грешка. Овој закон е фабричка грешка на еден мотел по кој што, со фрази, со бесмислени реченици, кованици, слобода на пазар, претприемаштво, сето тоа што Европа најмногу го афирмира, но Европа најмногу го помага агрокомплексот. Ние правиме бесмислени реченици тука. Одиме кон Европа, а бегаме од тоа дека Европа 36 милијарди евра дава за агрокомплексот. Само како компарација, Република Грција во 2005 година доби 370 милиони евра за субвенции за своето тутунско производство, за нивните тутуни, Басма и Катерини.

Како тоа ние не можеме да го видиме, како македонска Влада, како Парламент и да престанеме со театарот што го играме тука. Во ред се сите работи околу финансиските аспекти во нашите преговори со ММФ, Светската банка. Се уваживме. Се поддржуваме. Но не можеме да останеме слепи и глуви пред вистината дека во Европа, кон која што чекориме, ваков закон не може да се донесе. Оти, ако ние кажеме дека тутунот не е повеќе добро од општ интерес, зошто е потребен закон? Тој нема никаков интерес за Македонија.

Тргнуваме со реченицата - ангажирани се 160 илјади народ во Македонија, работат тутун, тоа е од еконоски социјален интерес, од интерес за рамномерен развој на Република Македонија. И, веќе втората реченица - го укинуваме, не е добро од општ интерес.

Па зошто тогаш ние  потребен закон? Тогаш треба да имаме и закон за пиперка, закон за патлиџан, закон за грозје. Значи нема потреба од ваков закон. Ние запаѓаме во некоја бесмислена игра на зборови. Не е добро од општ интерес, но бидејќи носи 100 милиони долари, ајде сега ќе донесеме закон за тутун. Едноставно, премисите се погрешни. Целта, причините заради кои што го носиме законот се погрешни.

Тука треба да дадеме поддршка на Министерството за земјоделство. Сигурен сум дека луѓето во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство знаат дека тутунот не може да биде третиран вака во овој закон. Меѓутоа, под пресија на една општа владина политика тие се принудени да носат еден ваков, би рекол измислен закон од своето природно тежиште, зошто тутунот и винарството се стожери не само на македонскиот агрокомплекс, тие се стожери на македонскиот извоз.

20% од македонскиот извоз почива на грбот на тутунот, цигарите, ферментираниот тутун, виното, асталското грозје. 200 милиони долари почиваат на овие две култури. Една милијарда долари е просечниот извоз на македонската економија во светот, а 20% односно 200 милиони долари е извозот од овие д ве култури. Значи не може да не биде тутунот добро од општ интерес. Ако не биде добро од општ интерес има други формулации, добро од значаен интерес, добро од егзистенционален интерес, добро од интерес за рамномерен развој на руралните региони во Република Македонија и ред други формулации. Меѓутоа, не можеме да тргнеме со погрешна премисла, од две причини. Европа го право токму успротивното, а се колнеме кон патот во Европа и паѓаме на првиот испит.

Веднаш ќе ви кажам, евро-прашалникот нас не освести. Прочитајте го првото прашање на интернет, почитувани дами и господа пратеници. Тоа е зошто Македонија нема фонд за поддршка на агрокомплексот. Зошто Македонија не го помага својот агрокомплекс. Како ние ќе одиме кон Европа кога ги негираме нејзините основни примеси за подршка на нивниот аргрокомплекс. Како Македонија ќе се приклучи кон европските фондови, кога ќе кажеме дека ние се гордееме со тоа што ние имаме стапка нула за подршка на тутунот и ние се гордееме што ја помагаме слободата и претприемаштвото на пазарот. Токму поради тоа Европа и нема да не прими, бидејќи тие издвојуваат огромни пари, милиони и милијарди евра. Минатата 2004 година, Европа издвои 2,5 милијарди евра за откуп на путер и млеко во прав, во европските земји. Тоа се поспулати, тоа се премиси. Ние не можеме да се криеме пред вистината. Парламентот кој се определил да ги подржува законите кои значат од кон ЕУ, овој закон треба да не го уважи, треба да биде вратен на доработка каде ќе каже дека тутунот заслужува подршка од државата, согласно европските стандарди, согласно европските принципи и согласно македонските можности, колку што Македонија има пари да го помага тутунот, толку да го

помага. Затоа тргнав од основите цели. Ние имаме во почетокот погрешна стартна позиција, а тоа е така, јас како екс министер го говорам тоа. Тоа е така затоа што во Македонија 11-та година по ред, единствено се важни финансиските аспекти на општественото живеење и сите други области од пруларната економија, градежништво, транспорт, металургија, земјоделство, трпат последици и заради тоа трпат последици и граѓаните на Република Македонија. Од тие причини сметам дека конкретно во оваа област имаме полна подршка од сите закони на ЕУ, од сите нивни правилници, од сите нивни узанси, уредби, директиви. Ќе ни дадат за право доколку ние решиме да го подржуваме тутунското производство. Тука нема кој да не оспори. Ако една Грција добива пари од ЕУ, ако САД донесоа, пред неколку месеци нова уредба со која до 2010 година, ќе го стимулираат "Вирџинијата" и "Берклејот", тоа е податок во Стопанската комора на Македонија, до 2010 година ќе даваат субвенции за производство на нивните фармери, на Вирџинија и Брклеј. А САД, е водечка земја во производството на тутун, пченка и други земјоделски култури во светот, почитувани дами и господа пратеници. Значи ние бегаме од вистината дека двата основни стожера и на ММФ и на СТО и Светска банка, тоа се ЕУ и САД, заедно со Јапонија, издвојуваат огромни пари во своите буџети за нивните стратешки култури. Ако е тоа за Америка пченката и тутунот, за Македонија, се разбира дека тоа е тутунот. Ако е тоа за Бразил кафето, ако е тоа за Аргентина јунешкото месо, за Македонија е тутунот и тука немаме ние отстапка. Ако правиме отстапка, одиме по неприроден пат, одиме во сиромаштија, во социјала. Не можеме ние да си дозволиме самите да си го уништиме својот народ, независно на која етничка заедница припаѓаат граѓаните на Македонија. Во тој правец сметам дека тука мораме да бидеме децидни, да ја вратиме топката назад, да се изготви, пред се стратешки документ, како Македонија ќе се справи со проблемите во агрокомплексот, аналогно како што Европа се справува со проблемите во својот агрокомплекст и согласно нашите можности. Македонија, уште еднаш да ве потсетам, има право да го помага својот агрокомплекс, има потпишано документ од СТО. Тој документ во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и таму точно стои колку пари Македонија од својот буџет може да дава на агрокомплексот, без никакви забелешки ниту од ММФ, ниту од Светска банка. Тоа е апсолвирана работа. Македонија кога стана членка во Светската трговска организација, се здоби со прави да го помага својот аграр годишно со 33,3 милиони евра, или близу две милијарди денари. Тоа што некој не сака тоа да го види, не сака да го каже, дали поради тоа што беше потписник господинот магистер Бесник Фетаи, министер по економија, но тоа не е важно, тој бил министер во Владата на Република Македонија. Јас се гордеам што тој човек го потпишал тој договор, се гордеам што Македонија е 146 членка на Светската трговска организација. Зошто ние не го помагаме нашиот агрокомплекс две ипол години и какво право имаме да не го помагаме, да кажуваме тука дека немаме доволно пари. Едноставно имаме проблем самите со себе. Имаме право, имаме можности, знаеме дека треба во тутунот, во овој закон, не го помагаме нашиот агрокомплекс. Затоа сметам дека целите се погрешни. Ако веќе го третираме тутунот така во старт, закон не ни треба. Тутунот е тогаш ист како другите култури во Република Македонија. Ја признаваме социјалната димензија, ја признаваме сиромаштијата, ама ние како држава сме немоќни, немаме пари, неможеме да го помагаме тутунопроизводството, ќе одиме кон слобода на пазар и претприемаштво. Тоа никаде го нема во Европа. Сите земји околу нас, Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Романија, Унгарија, сите го помагаат своето земјоделско производство, да не зборувам за Франција и Италија. Кога една Франција, Италија и Шпанија не може да ги исхранат своите земјоделски домаќинства, со какво право Македонија може да се надева дека земјоделците можат да опстојат. Тие се најсиромашниот слој во Република Македонија. Тутунарите пак се под 100 денари дневница, четворочлено семејство ако пресметате колку пари добиваат тие за својот труд што работат на нивите, а се работи за една егзистенционална работа. Токму затоа сметам дека треба да бидеме енергични. Тоа ќе биде и сигнал за Владата. Тука се работи за нешто што имаме како право. Ако тоа право ни е стекнато, кога ќе зачекориме ние, јас ги поздравувам сите напори и на сегашната Влада на Република Македонија во чекорење кон ЕУ, затоа што јас сум свесен, ако станеме чкенка кандидат, ќе имаме право до пристапнинте европски фондови, до структурните фондови. Со какво право ние ќе одиме таму и да кажеме,знаете, почитувани господа од Европа, имавме одлуки, не го помагаме нашиот агрокомплекс. Ние имаме право, можеме да го помагаме, но не сакам да го помагаме. Затоа велам дека законот е декларативен и неовозможува принципиелен стратешки пристап за организирање на тутунското производство.Тој е полн со добри реченици, полн со добри формулации, со регистрација на производството, со аванс. Може тука да се дадат многу забелешки. Јас имам 15 забелешки по членовите, како треба да се подобри овој закон, но бесцелно е нив да ги кажувам. Тоа се завелешки во Главата 14, во Главата 21, во членовите 14, 21, 51 , меѓутоа бесцелно е ако ние во старт се откажеме дека тутунот е култура која не е од општ интерес за Република Македонија. Ние негираме дека тоа е длабоко,

економски, социјален, зафаќа и во сферата на руралниот развој на Република Македонија. Одредени области во Република Македонија, пред се општина Конче, Огражденските населени места во Струмичко, Прилепската котлина во делот на специфичната карактеристика на земјиштето, овозможува пориздводство само на тутун, афион, памук, итн. Ние одамна афионот и памукот го испуштивме од нашите ниви. Остана само тутунот. Ако го испуштиме сега и тутунот, тие ниви ќе останат необработени. Во тој правец, ценам дека, јас ќе се задржам само на овој глобален дел, на овој стратешки дел, мислам дека заслужува внимание подршката од Парламентот за едно поинакво гледање, пак ќе кажам како што Европа гледа на своето земјоделско производство, како што гледа Франција, Германија, Србија и Црна Гора, Бугарија, Романија, Грција, Турција, Словенија. Словенија е една земја која влезе во ЕУ многу скоро, а со енормни бројки го помага своето земјоделско производство и ден денес. Еве Словенија нас ни е лидер, советник и така треба да биде, земја блиска по население, блиска по економска продукција. Дајте да видиме како Словенците ги третираат своите стратешки производи. За нив тоа е млекото. Да видиме какви субвенции имаат тие, какви премии имаат за млеко и млечни производи, млеко во право, путер, стерилно млеко, Едноставно да извлечеме поука од тоа што сите други земји го прават. Ние не можеме да бидеме автартичен модел, затворен Македонски модел на непомагање на Македонскиот агрокомплекс. Затоа, почитувани дами и господа пратеници, јас сум сигурен дека почитуваните претставници на Владата на Република Македонија во делот на Министерството, мислат исто. Да им дадеме подршка, тоа што претставува европски кодекс, да го применат и во Македонски услови, конкретно и во овој закон, законот за тутун.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Само заради појаснување.

Со многу работи се согласувам со господинот пратеник, за глобалната политика за аграрот итн, меѓутоа бидејќи разговараме исклучиво за донесување на закон за тутун, би сакал да дообјаснам некои работи, да не останат недообјаснети.

Никаде во законот не се кажува дека државата нема да го подржува тутунот со директна подршка. Јас и во своето уводно излагање реков дека државата и понатаму ќе води сметка да најде начин директно да го подржува од буџетот. Меѓутоа државата не сака да биде посредник во откупот на тутунот, бидејќи праксата покажа дека државата ако почне да се меша во откупот на тутун, затоа што имале склучено договори одкупните претпријатија со примарните производители, па немање пари откупните претпријатија да го платат тутунот, па се јавува државата како посредник во таа работа, па за стокови резерви итн, покажа дека е многу негативна пракса. Затоа овој закон тоа го регулира, не само овој закон, туку го регулира и Законот за стокови резерви кој е донесен во овој Парламент. Во тој дел сметам дека не е добро државата да посредува во откупот и плаќањето на тутунот. А дека државата односно Владата треба да најде начини да обезбеди средства за подршка на тутунот, апсолутно се согласувам со тоа.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Ѓеоргиев вие се јавувате за реплика?

Три минути реплика за господинот Ѓеоргиев.

**Драган Ѓеоргиев:** Благодарам.

Јас ќе реплицирам само во еден дел на дискусијата на господинот Ѓорчев, затоа што во голем дел од неговата дискусија и јас исто ги искажав моите ставови пред да се јави тој.

Во оној дел каде господинот Ѓорчев повеќе пати се повикуваше на тоа дека во последните две ипол години многу малку средства се одвојуваат за агроиндустрискиот комплекс, дека во последните две ипол години премалку враќаме за тутунопроизводителите и за другото земјоделско производство, јас ќе го прашам следното:

Тој истакна колку министерот за земјодели има желба и тој не се сомнева во тоа, туку колку има соработка со министерот за финансии и подршка во тој правец.

Моето прашање до господинот Ѓорчев е следното:

И во последните шест ипол години односно и во годините, пред тие две ипол години кога министер за земјоделие беше господинот Ѓорчев, јас не се сомневам и сум убеден, од неговите дискусии во Комисијата што ги водиме, дека тој имал желба да внесе во Буџетот на Република Македонија од 1998 до 2002 година, кога веше министер за земјоделие , доволно односно соодветни средства кои ќе значат развој и потикнување на агроиндустрискиот комплекс и на земјоделското производство. Меѓутоа, ако ги земеме сите средства кои се предвидуваат во Буџетот, јас сум убеден, ако сака тој да одговори на тоа, колку тој успеал да го убеди тогашниот министер за финансии, Никола Груевски, колку успеал да ги убеди членовите на Владата и зошто недоволно и тогаш, значи зборуваме и

тогаш како и сега, ако сакаме објективно да дискутираме, не се враќаше назад на земјоделецот, тоа што тој го дава во Буџетот, односно зошто и тогаш имавме два 2 до 3% во Буџетот средства, а од земјоделците земаме 12 до 15%. Значи и тој ги имал тие проблеми што ги изнесе овде во дискусијата и треба објективно да каже, и јас кога бев министер, исто така не успеав да обезбедам колку средства колку што се доволно за да се стимулира нашето земјоделско производство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓоргиев.

Една минута контра реплика за господинот Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам.

Прво ќе одговорам на господинот Џамбазовски.

Го уважувам тоа, меѓутоа во законот со ниту една одредба не се кажува дека државата ќе учествува во помагаето во производството на тутунот, или барем во Законот за потикнување на земјоделието да стоеше, јас ќе го прифатев тоа.

Во однос на тоа што вие го говорите, јас никогаш не говорам, во делот на земјоделието, политички. Овие две години, ги кажав, имаме право, согласно Светската трговска организација, затоа што на 15 октомври Македонија стана членка на Светската трговска организација и тогаш се здоби со право да го помага својот агрокомплекс од 33 милиони евра. За жал многу доцна Македонија стана членка на Светската трговска организација и тогаш се верифицира подршката. Сакам да ви кажам дека заради тоа се стекнавме со право.

Инаку, можам да ви кажам независно од тоа, Македонскиот агрокомплекс, во периодот од 1999 до 2002 година е помаган со над 70 милиони евра, помош по разни основи за кои, почитуван пратениче можеме заедно да побараме податоци од Министерството, за кои култури, како и во кој правец. Значи 70 милиони евра. Ако тоа не било верифицирано тогаш во Светската трговска организација, сега тоа право го имаме. Затоа велам, во овие две ипол години дозволено право. Тогаш немавме дозволено право.Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Господине Паљошкоски, 10 минути ви се доволно за дискусија, или утре ќе продолжиме.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Малку се 10 минути.

**Слободан Најдовски:** Овде ја прекинуваме денешната седница. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 17,50 часот).